# ОД АНОВИ ДО ХОТЕЛИ
# ОД МЕАНИ ДО РЕСТОРАНИ

***Историско-географски туристички водич на Република Македонија (пред туристички период) (популарно издание)***




**НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**

**&**

**ТРАЈАН ВЕЉАНОВ**



**ШТИП**

**2017 ГОДИНА**

**ПРОФ. Д-Р НИКОЛА В. ДИМИТРОВ**
**ПРОФ. ТРАЈАН ВЕЉАНОВ**

# ОД АНОВИ ДО ХОТЕЛИ
# &
# ОД МЕАНИ ДО РЕСТОРАНИ

**ИСТОРИСКО-ГЕОГРАФСКИ ТУРИСТИЧКИ ВОДИЧ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
***(пред туристички период)***
*(популарно издание)*

**ШТИП, 2017 ГОДИНА**

*Проф. д-р Никола В. ДИМИТРОВ & Проф. Трајан Вељанов*

**ОД АНОВИ ДО ХОТЕЛИ & ОД МЕАНИ ДО РЕСТОРАНИ**

**Историско-географски туристички водич на Република Македонија**

*(пред туристички период) (популарно издание)*

**Издавач**

проф. д-р Никола В. Димитров

**Рецензенти**

проф. д-р Цане Котески

проф. д-р Златко Јаковлев

**Јазична редакција - лектура**

проф. д-р Трајко Огненовски

**Компјутерска и техничка обработка**

проф. д-р Никола В. Димитров

**Дизајн на корица**

проф. д-р Никола В. Димитров

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

640.4:338.481(497.7)(036)

ДИМИТРОВ, Никола В.

Од анови до хотели & од меани до ресторани : историско-географски туристички водич на Република Македонија : (пред туристички период) : (популарно издание) / Никола В. Димитров & Трајан Вељанов. - Штип : Универзитет "Гоце Делчев" - Штип, 2017. - 123 стр. : илустр. ; 25 см

Библиографија: стр. 119

ISBN 978-608-244-434-5
1. Вељанов, Трајан [автор]
а) Хотелиерство и угостителство - Историски приказ - Македонија - Водичи
COBISS.MK-ID 104771338

**С О Д Р Ж И Н А**

**ВОВЕД ...........................................................7**

**ПРВ ДЕЛ .............................................11**

**АНТИЧКИ И СРЕДНОВЕКОВЕН ПЕРИОД**
(до XIV век)...................................................11
Попатни станици ..............................................11

**ВТОР ДЕЛ ............................................21**

**ОСМАНСКИ ПЕРИОД**
(од 1395 до 1912 година)................................21
АНОВИ И КАРАВАНСАРАИ............................21
Патна мрежа и попатни анови ...................................42

ОД МЕАНИ ДО РЕСТОРАНИ...........................60
Преглед по градови ..............................................66

ПРВИ ХОТЕЛИ (од 1843 година до 1912 ) ......90
Преглед по градови ..............................................96

**ТРЕТ ДЕЛ ............................................113**

**БАЛКАНСКИ ВОЈНИ И ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА**
(1912-1918)...................................................................113
Последици врз угостителските и сместувачките капацитети ...................................................................113

**Литература и други извори** ............................119

## ВОВЕД

Книгава, која ја презентираме, е уникатна од ваков карактер во Република Македонија, можеби и пошироко. Ова популарно издание, насловено *„Од анови до хотели и од меани до ресторани“* е историско – географски туристички водич на Република Макеоднија, кој го третира пред туристичкиот период. Всушност, ова издание е мал дел од опширниот материјал на научно истражувачкиот проект насловен: „Историско – географски пресек на туризмот и угостителството во Република Македонија“. Преку, водичот се обидуваме да навлеземе во историјата на пред туристичките движења кои се одвивале на тлото на Република Македонија, а кои досега не беа сеопфатно истражени и проучени. Со водичот го презентираме континуитетот дека на тлото на Р. Македонија се среќаваат угостителски и сместувачки капацитети уште од најстари времиња, со што се навлегува длабоко во минатото.

Најчести мотиви и форми на организирани миграциски движења се поради работа, богатство, освојување, откривање, кариера, едукација но, и за лекување, авантура, одмор, забава, рекреација и слично. Од ова произлегува, дека, корените на туризмот треба да се бараат подлабоко, отколку што тоа ни се причинува. Според тоа и туристичките движења влегуваат во контекст на организирани миграции кои се плод на развојот на општествено – економските односи. Главен мотив на туристичките движења се: одморот, забавата, лекувањето, рекреацијата и слично.

Патувањата на човекот низ историјата - кога станува збор за туризмот, може да се групираат во неколу периоди и етапи или фази, и тоа: предтуристички период на движења, период на туристички патувања и период на футуризам.

- Првиот период на **предтуристички движења** ги опфаќа етапите или фазите на: предисториска етапа, античката, средновековната и етапа на предтуристичките патувања;
- Вториот период на туризам или **туристички патувања**, ги опфаќа етапите на: туризмот во XIX век, туризмот во XX век и туризмот во XXI век;
- Третиот период на **посттуризам или футуризам** - иднина на туристичките движења, кој започнува од XXI  век, односно од првото туристичко патување на првиот вселенски турист (Денеси

Тито) во 2001 година, би ги опфатил следниве етапи или фази: посттуристички (*посттуризам*) и футуристички движења (*футуризам* - имагинарен туризам, реален и виртуелен туризам во географскиот и вселенскиот простор).

Според расположивите податоци од истражувањето го презентираме само периодот на предтуристичките движења и тоа само она што досега сме го откриле на просторот на Република Македонија и тоа за дел од фазите или етапите.

Во *Водичот*, презентираме уникатни текстуални, фотографски и картографски прилози преку кој се открива историскио - географскиот развој на сместувачките капацитети, и тоа поаѓајќи од попатни станици, преку каравансараи и анови, па сè до појавата на првите хотели на просторот во Република Македонија. Паралелно со ова, се даваат и описи на угостителските објекти - кафеани, меани, крчми и секако на првите ресторани - регистирани на просторот во Република Македонија.

Во *Водичот* се поместени повеќе оригинални фотографии и неколку тематски карти на географската разместеност на ановите и каравансараите и на првите хотели на просторот во Република Македонија.

*Водичот* е поделен во три дела, прв дел: Антички и средновековен период (етапа или фаза); втор дел: Османски период (етапа или фаза) и трет дел: Воен период (етапа или фаза) на балканските војни и Првата светска војна (1912-1918). Трите дела го преставуваат преттуристичкиот период на движења кој траел повеќе од два милениума на тлото на Република Македонија.

Во првиот дел – **антички и средновековен период**, на кратко се дава поглед во подалечното минато, односно античката и раносредновековната фаза во Македонија. Овде презентираме пластични описи на попатните станици кои се протегале по главниот римски пат Виа Егнатија во Југозападниот дел од Р. Македонија, како и други објекти кои егзистирале и во раниот среден век.

Во вториот – **османски период**, се дава опис на ановите и каравансараите, како и на првите хотели, а паралелно со тоа и краток опис на меаните, кафеаните, крчмите и првите ресторани кои се појавуваат на просторот во Република Македонија. Всушност, овој дел зафаќа период од над петстотини години, за каравансаратие и ановите, додека за првите хотели го третира

периодот од средината на XIX век до 1912 година, односно завршува со крајот на Османлиското владеење во Македонија, или до почетокот на Балканските војни. Овде презентираме доволно податоци поткрепени со фотографии и карти.

Во третиот дел, **воен период - балканските војни и Првата светска војна**, е трагичен за Македонија. Имено, голем број од угостителските и сместувачките објекти се разрушени или пренаменети. Со тоа, завршува и т.н. пред туристички период, за приближно по десетина години да започне туристичкиот период.

Водичот завршува со користена литература. Во делот *литература* поместени се најважните книги, монографии но и други извори (архивски документи, резултати од емпириските истражувања, податоци од интернети веб страни итн.).

Се надеваме дека вака концепираниот историско – географскиот туристички водич како популарно издание добро ќе биде прифатен од пошироката јавност.

*Авторите*

# ПРВ ДЕЛ

# АНТИЧКИ И СРЕДНОВЕКОВЕН ПЕРИОД

*(до XIV век)*

## Попатни станици

Човекот, како природно битие од неговото појавување нема прекинато да се движи во географскиот простор. Луѓето во првобитното општество живееле во заедници на определена територија. Таа територија ја користеле за својот опстанок, собирале плодови, корења од растенијата, а покасно се занимавале со лов и риболов и така живееле примитивно, хранејќи се со плодови, корења, сирово месо и риби. Со текот на времето, кога на односната територија ќе биле исцрпени сите природни ресурси за исхрана, заедницата ја напуштала таа територија и се преселувала на друга, која давала подобри услови за исхрана. Движењето прво било на помали, а покасно и на поголеми простори и дестинации. Основен мотив на човекот за движење во средината бил да открива нови простори, да создава нови појави и односи во географската средина. Примарна и основна цел на сите миграции на човекот се заради задоволување егзистенцијални потреби, за храна, вода и друго.

Меѓутоа и во таквите услови на живеење луѓето од една заедница се посетувале меѓу себе, при што едни на други им искажувале нужно гостопримство, кое со време сè повеќе се вкоренувало и добивало сè посовршени форми. Така, денеска гостопримството, повеќе или помалку, го има кај сите народи и тоа како кон своите блиски и пријатели, така и кон подалечните, па и странците. Колку се чести примерите од живите преданија и од народните умотворби во кои му се укажува гостопримство на заскитаниот патник, му се нуди храна и преноќевалиште.

Во робовладетелското општество, користејќи го трудот на робовите, робовладетелите произведувале повеќе материјални добра отколку што можеле да потрошат. Во прво време своите вишоци ги заменувале (ги трампале) за други производи што им недостасувале, а подоцна ги продавале. Така почнала да се развива трговијата. На овој начин се јавила потребата луѓето да патуваат од едно на друго место. Патувајќи луѓето попатно застанувале на места каде што имало вода, храна и

преноќевалиште. Првите форми на застанување најчесто биле покрај извор, река, езеро. Тука барале заветно место (под дрво, зад карпа, во мали и плитки пештери и сл.), за да можат да застанат да се одморат или да преноќеваат. Нешто покасно, со формирањето на населбите застанувале и барале преноќевалиште во истите места.

Со текот на времето се формирале поголеми населби во кои живеело население од едно племе, нешто покасно се формирале и племенски сојузи, и на крајот држави (царства, кралства и сл.). Стоките од една земја во друга долго патувале со карвани, така што се јавила потребата од попатни прифатилишта за исхрана и преноќевање на луѓето и добитокот. Овие прифатилишта во почетокот биле примитивни, но со текот на времето се усовршувале, така што тие претставуваат и првите угостителски објекти.

Античкиот период подразбира и верување во повеќе богови, а со тоа и градба на храмови во кои се moleле верниците. Во местата каде имало топла и лековита вода се граделе бањи за лекување и рекреација. Во тој период биле организирани и разни манифестации и игри (спортски, културни и др.) на кои присустувал мноштво народ од разни краеви и држави. Археолошките истражувања во Р.Македонија потврдуваат дека во античките градови се одвивал активен стопански и културен живот. Маса луѓе ги посетувале храмовите во градовите: Хераклеја, Скупи, Стоби, Лихнидос, Стибера, Алкомена, Идомена, Стенае, Астибо и други. Биле следени гладиаторски борби, театарски претстави во античките театри во Стоби, Скупи, Хераклеа и Лихнидос. Од тоа време активна била и Катлановска Бања, која служела за лекување и рекреација, а од неодамна откриени се артефакти и во Бања Банско, Струмичко.

Токму, раздвижувањето на народот заради трговија, религија, лекување, освојувања и слично, ги поттикнале владетелите на големите држави да иницираат изградба на патишта за побрза и побезбедна комуникација.

Првите патишта кои почнале да ги градат биле Римјаните и тоа за подобро движење на војската, за подобра контрола во државата и за други намени. Во Македонија познати патишта од тоа време се: Виа Игнатиа, Виа Сердика – Хераклеа и дел од патот Виа Милитарис Сирмиум – Константинопол од кого во Ниш се двоел патот за Солун. Покрај овие главни магистрални правци, во Македонија постоеле и локални патишта што се

двоеле од нив. Колкава била важноста на римските патишта може да се види од картата правена во четвртиот век со попатни станици и оддалеченоста помеѓу нив.

Во Македонија (како и во другите провинции) за време на Римската Империја, постоеле угостителски и други објекти во поголемите населби, но и по должината на патиштата Виа Егнација, Виа Милитарис и други, како попатни станици - составени од една или неколку куќи, но и помали кaструми – тврдини. Овие попатни објекти биле посетувани од стана на трговските карвани, римската војска која попатно застанувала да се одмори. Угостителски објекти имало и во местата каде се одржувале спортски игри, гладијаторски борби и разни прослави (Хераклеа Линкестис, Лихнидос, Скупи, Стоби и др.). Римскиот историчар Тацит наведува дека во тоа време постоеле посебни угостителски објекти за мажи, а посебни за жени, а кои биле поделени за сместување на гости од разни слоеви на општеството. Најчесто попатните места за одмор се наоѓале на оддалеченост од 30 до максимум 50 км оддалеченост во рамничарските предели, а во непристапни планински терени оддалеченоста била 20 и помалку километри. Просечно време на движење од една до друга попатна станица било од 6 до 12 часа пешачење, и зависело од конфигурацијата на теренот и превозното средство.

На патот Виа Егнација, кој бил изграден во средината на вториот век (146 г.пр.н.е.) и претставува еден од најважните инфраструктурни зафати на Римјаните кој ќе одреди еден милениумски правец на комуникација Запад–Исток, или Рим – Константинопол, на кој покрај поголемите градови и помалите населени места биле изградени и голем број попатни станици. Еден дел од патот Виа Егнација поминувал низ територијата на денешна Република Македонија. Па така, на правецот Лихнид (Охрид) - Хераклеја Линкестис (Битола) се наоѓале следните помали попатни станици: Бруцида (во близина на месноста Буково на планина Петрина, помеѓу Охрид и Ресен), Скиртијана (во близна на с. Козјак - Преспа), Кастра или Никеја (во околината на селата Кажани и Доленци во Цапарско Поле). Наведените попатни места биле користени за промена на запреги, одмор на коњите, другата стока, како и за одмор на патниците – трговци и војската. Резимирано, на наведениот патен правец биле сместени следните населби: Лихнид – Бруцида – Скиртијана – Кастра и Хераклеја Линкестис.

Покрај главната траса на Егнацискиот пат Лихнид-Скиртијана, која поминувала преку Бруцида и по која и денес води патот Охрид-Ресен, постоела уште една, споредна, јужна, пократка патека која водела преку Петринска Планина и денешното село Евла, но поради нејзината стрмност, таа била користена само како караванска патека за транпорт на помал товар. Кај Скиртијана, на Виа Егнација се надоврзувал и споредниот Епирски Пат кој ја поврзувал Корчанската со Преспанската котлина и патот кој водел од населбата Сидеро Кастрон, позната и како Железнец во близина на истоимeното село во Општина Демир Хисар.




**Карта 1**: Целата траса на патот Виа Егнатиа, Рим – Константинопол




**Карта 2**: Дел од трасата патот Виа Егнатиа, Драч–Солун, со градови и попатни станици

Прва географска карта во која се наведени повеќе географски обележја (градови, езера, реки, планини) за Македонија е **Табула Појтингерова**, карта која е нацртана во IV век, а прецртана во XIII век, и во која се внесени Охридско Езеро со Охрид-Лихнидос, Скопје-Скупи, Куманово – Акуае, Стоби, Штип - Астибо, Ресен - Никиа, Антигона, Стенас, Идомениа, Тауриана, Битола-Хераклеа Линкестис, Вилазора, река Аксиос - Вардар, Катлановска Бања, главни патни правци и друго.

Имено, на оваа карта е прикажано Римското Царство, и првобитно се мислело дека е воена карта, меѓутоа според податоците што се внесени на неа и нејзиниот специфичен облик (во вид на свиток во должина од 6,83 метри и широчина од 34 сантиметри), јасно укажуваат дека таа всушност е „итинерарум пиктум“ или со денешна терминологија таа била „туристичка карта – водич“ наменета за куририте, трговците и другите патници – намерници кои повеќе ги интересирале станиците за одмор, отколку географските обележја, главните градови или населбите. Имено, според симболите во Табула Појтенгеријана, покрај обележени патишта, градови (комерцијални, административни, воен центри), реки, езера, планини, острови, изобилува и со други објежја на бањи, дворци, палати, цртежи на храмови, споменици, обележани растојанија и слично.

Во тоа време од Драч преку Охрид и Битола до Солун, со запрежни коли со просечно поминување по 20 км на ден, се патувало 10 дена, а до Константинопол уште 10 дена, значи од Драч до Константинопол се патувало 20 дена.



**Цртеж 1**: Попатна станица – населба, римски период,



**Цртеж 2**: Помала попатна населба, римски период



**Цртеж 3**: Помала попатна станица, римски период



**Цртеж 4**: Попатна населба, ран средновековен период



**Цртеж 5**: Претпоставен изглед на запрега со впрегнати говеда




**Цртежи 6**: Претпоставен изглед на запрега со впрегнат коњ



**Слика 1**: Остатоци од стариот римски пат Виа Егнатиа

Дел од ваквиот активен живот продолжил во раниот и доцниот среден век кога доминира христијанството, и кога се градат нови храмови и населби со нови содржини и функции.

Дека постоеле еден вид попатни станици слични на ановите во античкиот и средновековниот период ни кажува следниот запис: *„Штом ќе се напушти Велес, повеќе од еден час се оди по широк и удобен пат; потоа се поминуваат повеќе притоки на Вардар и најпосле се оди по угорнина речиси четири часа за да се стигне до анот на Бабуна или Везиров ан. И покрај ноќната темнина, можев да забележам дека крајот низ кој поминавме беше делумно обработен и обраснат со шума. Каравансарајот во кој конакувавме се наоѓа на оддалеченост која Данвил (француски географ, 1697-1782) ја означува со името ad fines, на границата меѓу Пеонија (Античка провинција што го опфаќала подрачјето источно од р. Вардар) и Пелагонија. Тоа веројатно била римска станица, а потоа една од станиците воведени од цариградските императори. Тука се одржувале, вели Прокоп (Византиски историчар, роден во Палестина кон крајот на V век. Бил главен историчар на Јустинијан), по четириесет коњи и исто толку коњушари во секоја од овие установи, до времето на Јустинијан кој укинал голем број од нив и, заради економичнност, вовел станици со магариња во повеќе покраини на царството: Турците се уште не помислисле на слична реформа“* .

За развојот на угостителството придонесла и поштата. Во прво време усните и писмените информации ги пренесувале гласници, кои јавале на коњи. Гласниците своите коњи морале да ги заменуваат на одредени места каде гласниците и патниците се хранеле и одморале за да го продолжат патот. Подоцна поштата се пренесувала со коли, за чии потреби исто така биле нужни попатни постојки за одмор и исхрана, кои всушност претставувале еден вид гостилници.




**Карта 3**: Macedonia, дел од картата Табула Појтингеријана, заокружени се: Скупи (Скопје), Катлановска Бања, Лихнид (Охрид), Стоби, Астибо (Штип), Битола (Хераклеа), Софија (Сердика), и Солун (Тесалоники)

# ВТОР ДЕЛ

# ОСМАНСКИ ПЕРИОД

*(од 1395 до 1912 г. - 517 години)*

## Анови и каравансараи

Попатни објекти постоеле и во текот на средниот век, а бројно се зголемуваат по доаѓањето на Турците. Угостителските објекти во Османскиот период се именуваат како карвансараи, кои биле обѕидани со високи и дебели ѕидови, без прозорци од надворешната страна за да бидат заштитени од напади. Патниците со себе носеле сѐ што им било нужно, како постелнина и покривки. Додека по градовите се граделе анови, кои според својата градба биле слични на карвансараите, но на патниците им давале подобри удопства. Во некои од ановите во посебни простории се одвивала и трговија.

Првите каравансараи и анови во Македонија се споменуваат уште во XV век, кои биле добри за коњи и друга стока но неудобни за народот. Во тоа време стоката се превезувала со коли, па затоа по должината на патиштата никнувале анови, а во поголемите населби сѐ повеќе угостителски објекти кои на патниците им ги давале своите услуги. Тие во ановите добивале храна и пијалак. А по потреба и ноќевале. Колите и коњите се внесувале во широки дворишта и штали. Патниците, кои на пат ќе ги затекнела ноќ, се молеле да ги примат на ноќевање во некој манастир или во дворот на моќен феудален господар - бег.

Манастирите (пример: Св. Наум на Охридско Езеро и др.) имале посебни одделенија (хоспитум) во кои ги примале патниците на ноќевање. И во феудалните дворци – беговски кули и конаци, како и по куќите во градовите и поголемите селски населби, имало место за послужување на патниците што биле примани на ноќевање.

Од Битола до Солун, со натоварени запрежни коли, со просечно поминување по 20 км на ден, се патувало 5 дена а до Истанбул максимум 20 дена. Додека од Скопје до Солун се патувало 10 дена.

Нешто покасно, кон крајот на XVIII во градовите Битола, Скопје и други се појавуваат првите крчми во кои се точат пијалаци и гостилници во кои гостите добиваат храна и пијалаци, а по потреба и ноќевање. Во тој период се појавуваат и првите еснафски – цеховски здружувања на занаетчиите за да ги штитат своите социјални интереси, така и сопствениците на гостилниците организирале свои еснафи за да можат да се борат со економска борба за да им се намалат високите даноци.

Развојот на угостителството придонесол за развојот на поштенскиот сообраќај, кој во тоа време се одвивал со коњи и коли како превозно средство, во Македонија ова започнува да се користи од 40-тите години на XIX век.

Со зголемениот развој на производството и сѐ поголемото количество од производството се изнесува на пазарот, па според тоа трговијата станува сѐ пожива. Трговците морале сѐ повеќе да патуваат и да бараат пазари за продажба на стоката. Ваквото раздвижување на трговијата условило поголем развој на сообраќајот, а со тоа и на угостителството. Така во подобрите гостилници во големите градови се послужувале поголем број оброци и поразновидни јадења, а и опремувањето се подобрило, бидејќи угостителите се труделе да ги задоволат потребите на своите гости, да ги привлечат за да дојдат повторно кај нив.

Први податоци за каравансараите е податокот за Сули ан или „воден“ по водата – реката Серава која течела покрај него, а бил познат и како „Стар ан“ затоа што бил прв ан во Скопје. Овој ан бил граден во првата половина на XV век. Потоа следи податокот за уште два скопски ана, Капан ан и Куршумли ан кои биле изграден исто во XV век. Важни податоци за други каравансараи и анови ни даваат патописците Иван Каваза во 1591 година (за Битола), Хаџи Калфа Мустава во 1650 година и Евлија Челебија во 1661 г. (за Штип), Едвард Браун во 1669 година (за Велес) итн. Особено впечатливи описи остава Евлија Челебија од 1661/62 и описот од 1668 година и тоа за каравансаратите и ановите во Скопје, Штип, Кочани, Велес, Битола, Прилеп, Струга, Охрид, Радовиш, Струмица, Гостивар, Кавадарци и др.



**Цртеж 7**: Каравансарај



**Цртеж 8**: Ан



**Слика 2**: Караван на коли во Дервенска Клисура



**Слика 3**: Караван на коли на Плетвар



**Слика 4**: Караван со камили во Свети Николе



**Слика 5**: Караван со транспортни коли на патот под Плетвар




**Слика 6**: Стар и нов транспорт во Македонија

Во текот на нивното постоење некои се доградувале, некои го корегирале правецот заради полесно минување преку реки, превои или заради поголема безбедност. Поголем број анови среќаваме по Вардарската долина, и тоа по патот кој минувал преку Блатото – Катланово - Штип, како и Велес – Штип, потоа по долината на реката Лакавица - Бела Река - Дервенска Река – Валандово – Дојран - Кара Сули - Солун. Овој патот не минувал по долината на реката Вардар, бидејќи би минувал низ неколку клисури, каде немало голема сигурност и патувањето би било поотежнато. Сепак, овој пат згаснува со изградбата на железничката линија во 1873 година, а особено со поделбата на Македонија во 1912 година. На овој пат, освен попатни анови, други и поголеми анови имало во градовите.

Други главни „ански патишта" кои поминувале низ Македонија биле патот: од Скопје кон Тетово и Гостивар, кој се двоел со крак преку Маврово за Дебар и Струга, и со крак кон Кичево – Демир Хисар – Битола, па патот Струга – Охрид – Ресен – Битола – Прилеп, кој се двоел со крак за Велес и крак за Кавадарци – Неготино. Сите во западниот дел од Македонија, како и патишта во источниот дел на Македонија и тоа од Крива Паланка – Куманово, кој се двоел со крак кон Скопје и крак кон Свети Николе. Патот од Крива Паланка се двоел со крак кон југ кон Кратово – Злетово – Кочани. Додека пак, патот од Свети Николе продолжувал кон Штип. Од Штип, се двоеле повеќе патни правци, и тоа, источен кон Кочани – Виница – Блатец - Берово, југоисточен Радовиш – Струмица, јужен кон Градско и Неготино, и западен кон Велес. Патот од Кочани продолжувал кон Делчево – Пехчево и натаму кон исток.

Забележано е дека најмногу анови биле во близина на Скопје, и тоа околу селата Катланово, Оризари, Семениште, Сопиште и Мојанче. Исто така, повеќе анови имало и на планинските превои и тоа Маврово, Ѓавато и Плетвар.

Исто така, забележано е дека големите Катлановски и Оризарски анови, по изградбата на железничката пруга Солун – Скопје – Митровица во 1873 година постепено почнале да губат значење кои го имале дотогаш. Имено, Оризарските анови биле цела населба со неколку анови, пространи одделенија за државна роба, централно одделение, многу пространо за луѓе и стока; коњушницата на овие анови можеле да примат до 1000 товарни коњи. Овие анови биле во Долно Оризари и од Скопје биле оддалечени неколку километри. Покасно, оризарскиот голем ан бил поделен во два ана и преобразен во попатна меана, потковачница и бакалница. Овој ан割 пополека започнал да се рушени, се до 1900 година.

За старите анови се знае повеќе од традицијата и по тоа каде се наоѓале ановите од крајот на XVIII и почетокот на XIX век. За ановите, во почетокот на XIX век имаме пишани податоци од почетокот на XIX век. Година 1811, француски конзул во Приштина, во писмото до својот министер, од 6 мај, пишува дека на патиштата Солун – Босна нема ни анови. По податоците кои ќе ги наведеме анови имало доста, но повеќе не биле каравансараи, она што биле, секако, биле до крајот на XVII век. Преобразбата на Турското царство од Австро (германско) – турските војни во крајот на XVII и почетокот на XVIII век, влијаеле и на ановите. Прави анови, караван сарај, кои дотогаш постоеле, биле уништени, а нови се подигнати брзо и по нужда. Од интерес е дека новите анови биле подигнати на местото од поранешните. Бидејќи сите анови во областите, кои постоеле до 1800 – шеесетти и осумдесеттите години, биле од ново потекло. Како сигурно може да се земи, дека некои се од XVIII, а некои од почетокот на XIX век.



**Цртеж 9**: Активен живот во Каравансарај

Според Ј.Х. Васиљевиќ, за ановите во Скопје и околината го забележал следното: *„Разбирливо е дека најмногу анови биле во Блатото, на Велешкиот и Штипскиот пат низ оваа област, како што биле оние кај селата Маџера, Ѓојлерија, Ибраимово и Катланово. Освен Катлановското, сите анови биле од второредни, не само по својата големина и пространство, туку и по прометот кои во нив се вршел. И од Катлановскиот поголеми биле Оризарските анови. Во оваа област, тоа биле во XIX век најголеми анови, а особено откако била изградена железничката пруга Солун – Митровица, 1873 г., почнале да губат значење кои го имале дотогаш, и Оризарскиот ан бил поделен во два ана и преобразен во попатна меана, потковачница и бакалница. Па и овој ан пополека се рушени, се до 1900 година. Оризарските анови биле цела населба. Уште сѐ разликувале пространи одделенија за државна роба, централно одделение, многу пространо за луѓе и стока; коњушницата на овие анови можеле да примат по 800 – 1000 товарни коњи. Овие анови биле во Долно Оризари. Од Скопје до 1900 година биле оддалечени 10-15 минути*.



**Слика 7**: Патување со пајтон, одмор во ански двор, 1912 година

Васиљевиќ за скопските анови во довава и следното: *„До 1800 седумдесеттите години (1870) постоеле остатоци на вториот голем ан на патот Скопје – Тетово. Тоа бил анот Семениште близу село Сарај именуван како Голем ан, потоа*

*Сопишки анови, имало во селото Сопиште, кои постоеле до 1906 година. Кога биле запалени и уништени сите вакви анови, рушени и полека се уништени и спалени од државните органи при борба со комитските чети“*. Значаен е описот на Катлановскиот ан кој работел повеќе од 70 години, и за истот го изнесуваме следниот цитат: *„Од сите овие анови најдолго се одржал Катлановскиот ан. Овој ан лежи на десната страна на патот Скопје – Велес, преко патот за село Катланово, кое лежи на десната страна на реката Пчиња. Анот бил ограден со висок ѕид. Има многу пространо земјиште. Околу 1900 година малку време имал зграда во која се ноќевало. Напред имало голема капија со тешки врати. На капијата имало дебели и тешки синџири кои на вечер се спуштале и затварале... пред капијата имало чешма со јака вода и покрај капијата и ковачница... лево Куќа, кујна или меана, во средината е огништето, околу кое, во зима седата патниците. За муштериите и избраните патници подигнати се околу огништето странични – возвишенија за седење околу огнот. Потоа под еден покрив до крајот на дворот: соба за анџија и неговата послуга, соба за благоти, за пијалаци, магази – магацин за трговска стока – роба, потоа одделение за зајре, мала коњушница, плавна и др. Малата коњушница е за трговските јавачки коњи и сексане... На другата страна е голема коњушница. Таа може да прими 200 – 300 товарни коњи или егрела. Овој ан се споменува во своите патописи на Ами Буе, во 1838 година, Гризебах во 1839 година, како Капетан ан, а Хан во 1858 година по турски го нарекува Каплан хан. Турците и селото го нарекувале Каплан – тигар“*.

По кажувања на стари луѓе во одминати години, до 1800 деведесетти години, „до скоро“ големи анови постоеле и повеќе села Алдинци, на патот Скопје – Прилеп.

На другата страна овие области, на патот Скопје – Куманово постои ан именуван Бучук (село Бучинци – нвд). Како и самото име што кажува, тука отприлика, била половина од патот помеѓу Скопје и Куманово. Иако во Бучук постоел ан, патот на ова место бил најопасен за патиците. Аранути (Албанци - нвд), кои се спуштале од црногорските села кон рамницата, немилосрдно ги пљачкале и убивале христијанските трговци и патници. Секој од Скопје или од Куманово го испраќале со страв како ќе го помине Бучук, дали веќе го поминал Бучук и т.н. Овде многу христијански жртви останале.




**Цртеж 10**: Скица на Катлановскиот ан

Од сите овие анови најдолго се одржал *Катлановскиот ан*. Овој ан лежел на десната страна на патот Скопје – Велес, преку патот за селото Катланово, кое лежи на десната страна на реката Пчиња. Анот бил ограден со висок ѕид. Имал многу пространо земјиште. Имал зграда во која се ноќевало. Напред имало голема капија со тешки врати. На капијата имало дебели и тешки синџири кои на вечер се спуштале и затварале, пред капијата имало чешма со јака вода и покрај капијата и ковачница, а лево од неа куќа. Во куќата имало кујна или меана со огниште во средината, околу кое, во зима, седеле патниците. За муштериите и избраните патници околу огништето каде биле подигнати странични возвишенија за седење околу огнот. Потоа, под еден покрив до крајот на дворот имало соба за анџија и неговата послуга, соба за благоти, за пијалаци, магази – магацин за трговска стока – роба, потоа одделение за зајре, мала коњушница, плевна и др. Малата коњушница била за трговските јавачки коњи. На другата страна била големата коњушница. Анот можел да прими 200 – 300 товарни коњи или егрела.

Паѓа во очи дека главните најголеми анови во оваа област биле во непосредна близина на град Скопје. И токму таа околност наводи на мислата дека, и по градот Скопје тешко се

одело. Караваните, кои поаѓале од Скопје, излегувале по ден од градот и заноќувале во околните анови, за да утре рано поаѓале понатаму. Исто така, и оние кои доаѓале во Скопје, останувале пред вечер во ановите пред градот, па утрото влегувале во градот и по денот ги завршувале своите работи, продавале една и примале друга роба, товареле и по ден заминувале, повторно во ановите надвор од градот. На овој начин транспортираната роба, ги наведувала кираџиите во околности што на крајот и надвор од градот биле и баждарниците – некој вид на трошарина. Баждар, еден вид на чиновник, бар од XVI до XIX век, наплатувал баждарина, при влез во градот и при излезот од градот. Било време и кога во Скопје не се плаќало царинарење и царина, туку таа се наплаќала во Солун, Београд и Сараево. Исто така овој начин на влегувања и излегувања од градот во XIX век можеби останало од поранешните векови, додека градските капии биле затворани навечер а отворани на утро.

Извадоци на описи на ановите од повеќе патеписци од XIX век.

Во почетокот на XIX век англискиот патописец **Ричард**, кој низ Европска Турција и Македонија **пропатувал во 1828-1833 година**, го забележал следново: *„Со исклучок на неколку големи градови каде може да се најдат добро одржани хотели* (се мисли на Солун – нвд)*, патникот низ сиот пат не може да сретне ништо што дури би прилегнало на прифатилиште за странци; ановите и караван – сараите се сместени на разни растојанија по главните патишта за да го засолнат патникот некако дури и бесплатно; собите општо земено се чисти, но човек тука не може да добие ништо за јадење ако не си носи храна со себеси... Обичај е кога се напушта анот на чуварот да му се даде мал подарок. Одвреме на време сепак се наоѓаат кафеанчиња каде што се продаваат јајца, леб, млеко, шербет и друго. Патникот набргу ќе го сфати значењето на зборот „бакшиш“ што значи „награда“; бидејќи ниеден Турчин нема да ви направи ни најмала услуга, ако вашето уво не навикне веднаш на тој збор.*

Ановите и карвансараите се одморалишта или преноќишта за патниците и трговците што оделе од еден на друг крај по разни приватни или службени потреби. Во почетокот кога започнало патувањето и трговијата помеѓу оддалечените места не постоеле анови и карвансараи, туку тие со себе носеле опрема за ноќевање и на погодно место застанувале да се одморат и да преспијат со опремата што ја носеле со себе. Во

градовите пак ноќевале кај свои пријатели и деловни соработници. Како што одминувало времето, така патниците се судирале со редица проблеми: невреме, напаѓачи, уморни коњи, поправки на коли, опрема и друго. За сите вакви неприлики и непредвидливи работи, патниците биле принудувани да ноќеваат во најблиските попатни населби. Од ваквите неприлики произлегла и идејата да се градат специјални куќи – анови и карвансараи по патиштата и во градовите.

Со какво име се именувале овие куќи во средновековна Македонија не ни е познато, но можни се неколку варијации како: гостилници од зборот гостин, потоа враќалиште што би произлегло од зборот навраќање, да навратиме или пак одмаралиште и почивалиште. Со доаѓањето на Турците, тие со себе ги донесле и персиските зборови за овие куќи: **каравансарај** и **хан**. Зборот „каравансарај“ е составен од два збора, <u>караван и сарај</u>. Првиот збор „караван“ значи повеќе коњи, а вториот збор „сарај“ значи двор. За зборот „хан“, <u>во македонскиот јазик при изговорот се губи гласот „х“ и ханови се изговараат како анови</u>.

Разликата помеѓу ановите и карвансараите е во тоа што во ановите за престојот и сите услуги се плаќало, падури и за огревот во зима. Во карвансараите престојот бил бесплатен, затоа патникот сам се грижел за постелината за спиење, исхраната и затоплувањето. Од ова произлегува дека во карвансараите немало никаков инвентар. Нив обично ги подигале побогатите луѓе со намера да прават добрина на патниците. Нивното издржување било од приходите на другите имоти.

Поделбата на анови и каравансараи била според местоположбата, и тоа на анови и каравансараи во градските населби и помеѓу градските населби.

Ановите во градовите се граделе во центрите, со цел да бидат поблиску до пазарите. Местоположбата на ановите што се наоѓале помеѓу градовите зависела од конфигурацијата на теренот и оддалеченоста од еден до друг град. Имало анови на превоите како што биле Маврови Анови, Ѓавато, Плетвар и други, како и во подножјата на планините. Ваквите места се бирале затоа што пред секое искачување обично луѓето се одмораат, по секое спуштање пак се одмораат и обратно на спротивните патници, потоа кога е поголемо растојанието од еден град до друг и накрај се граделе и на раскрсниците. Изборот

за ваквата местоположба била заради поголемиот промет со гости и безбедност.

Како што рековме претходно, главната намена на ановите била за преноќевање, но како што одминувало времето така и нивната намена се проширувала. Во прво време покрај ноќевање и одмор, во ановите се вршела и замена на изморените коњи со извесен надомест. Подоцна во градовите почнале да се градат уште поголеми анови со магацински простории за стоката на трговците и пондили за коњите. Со ваквите магацини сега тие почнале да вршат улога на трговски куќи каде се вршела трговија помеѓу дојдените трговци од разни места и месните занаетчии. Во градовите каде се одржувале пазарни денови и панаѓури (особено во градовите Прилеп, Дојран, Скопје и др.) биле градени и анови за оставање на коњите, колите и магарињата со кои доаѓале селаните од околните села, а тие доаѓале на пазар. Во овие анови немало соби за ноќевање, освен кафеана во која може да се јаде и да се пие. Откако ќе ги извршеле пазарните работи, селаните ги земале колите и живата стока и се враќале дома. Во попатните анови, покрај укажаната услуга во храна и ноќевање на кираџиите, се хранела и живата стока со храна на анџијата. Во склопот на ановите или во нивна непосредна близина се наоѓале: колари, амџии, самарџии, налбати, ортомари и други занаетчии. Сите тие со своите занаети укажувале услуги на кираџиите.

Некои анови со својата местоположба и услугите на занаетчиите, повлијаеле околу нив неорганизирано да се доселуваат и други занаетчии кои не им биле потребни на трговците, туку на околното население што доаѓало кај овие занаетчии. Сега, покрај овие занаетчии се доселуваат и други жители од околните села и така се формираат селски и градски населби што се одржале до денес, а нивното име е поврзано со анот. Така населбите што се формирале покрај гостилниците го добиле името по зборот „гостилница“. Таков можен пример имаме со градот Гостивар, Гостиражани - Прилепско и Гостољуби - Могленско на патот Соботско - Фуштани. Од зборовите пак „навраќање“, „враќалиште“, „да навратиме“, може да потекнува името на селото Вратница-Тетовско или пак Анска Река по ановите во Владовско.

Во Македонија анови се среќаваат покрај пат и во поголемите градови. Најчесто ановите покрај пат се осамен во полето, некаде покрај рекичка, или под планина, во близина на

понизок планински превој, ретко на нејзин врв и ретко во населено место. На патиштата каде што има големо движење понекогаш можеш да видиш два, три или повеќе ана во близина, или еден до друг. Според М. Карлова, која низ Македонија патувала 64 дена (од 1 октомври до 3 декември) во 1868 година, за ановите забележала: *„...Анот крај пат е изграден сосема едноставно: од глина е направен низок ѕид, без прозорци; висока чатија од ќерамиди која ја потпираат дрвени потпирачи грди, и тоа е се. Понекогаш, отстрана, во ќошот, има мало собиче, односно со глинена или со дрвена преграда. Но анот, в сушност, не е ништо друго туку простор за коњи. Нив ги сместуваат кај јаслите, направени по должината на сите четири ѕида од анот. Тука каде што стојат коњите, некаде отстрана, направено е подигнатото место од набиена глина каде што се пали оган. Крај огнот се постилаат рогозини и на нив, крснозе, со колената издадени напред, седат луѓето. За јадење се поставува софра, тркалезна штица со потпирачи, во височина од 20 до 25 см... Постојат анови во кои е сместено дуќанче со тутун, сапун, кибрит, врвки и со капките на Хофман, омилениот и основниот лек за сите болести...Понекогаш и ановите крај патот се двокатни. Во овој случај на горниот кат на кој се качува по стрмна скала од тесни штички, ќе најдете две собички од страните, а меѓу нив има отворен простор со малечко одморалиште кое е издадено малку напред, во вид на балкон. Овде горе ги поканувaат уважените гости, а пак обичните патници, трговци и кираџии остануваат на долниот кат, со коњите. Но горе, во собите, секогаш има толку ѓубре и нечистотија и воопшто толку е гнасно, што единствен спас претставува балконот. Таму ние и се сместуваме на спиење... Во анот крај пат може да се најде само турски леб т.е. плочкави, лесни и многу вкусни лепиња од темно пченично брашно или пак за нас сосема невкусните тешки лепињи од пченкарно брашно; исто така, може да се најде ракија; понекогаш има вино и јајца. Друго нема ништо. Јадењето кое обично се состои од овчо месо, понекогаш со додаток од кокошка или риба, треба да се носи со себе. Се случува да има и такви тури кога ќе ни кажат: „Има ан, но во него нема жива душа“. Такви анови, напуштени од стопанот и препуштени на волјата на минувачите, сретнавме не мал број. Во нив се влегува преку ширум отворените врати и, за бадијала, се користи покривот под глава...“*

Карлова дава опис и за ановите во градовите, и за куќите по селата и гадовите. Еве што вели за градските анови: *„Во близината на чаршијата, а во малите гратчиња обично на нејзината средина, се наоѓа анот којшто ги прифаќа уморните патници со нивните товари...во турскиот ан од стопанот нема да добиеш речиси ништо, освен храна за коњите. Дури и за топла вода праќаат кај соседот, берберот; кафето, без кое Турчинот не може да живее, во анот го продава посебен кафеџија којшто има отворено свое дуќанче, на долниот кат од анот. Јадење треба да готвите сами, а за да се испече месо ќе треба да го однесат кај фурнаџијата, единствениот сопственик на фурна во градот. Во христијанскиот ан ќе можете да добиете и садови, и чаши, и топла вода, и јадење: нема само печка за да испечете месо...Според надворешниот изглед, градските анови, и турските и христијанските, се совршено слични еден на друг. Тоа е двокатна зграда, долга и со прозорци што гледаат на улица, со тераса што е од страната на дворот, со стрмна дрвена скала по која не е толку лесно да се качуваш, и со неколку малечки варосани соби, без никаков мебел. Овие анови, како и сите други куќи во градовите кои ги видовме, се изградени од непечена сива глина...Стаклата во Турција се реткост; ги наоѓаме само во мал број анови и куќи; во големите манастири се случува да има една соба со стакла на прозорците, за почитувани гости. Обично се задоволуваат со дрвени ќепенци или пак зиме ги облепуваат прозорците со хартија за пишување. Често, а во селските куќи, речиси насекаде, на прозорците нема ништо освен три или четири стапа, по должина на прозорецот...Бундите не ни беа потребни толку за јавање на чист воздух, колку за ноќевање. За време на ноќта, требаше да се заштитат прозорците со сите постојни шамии и покривки што ги имавме...понекогаш беше толку неподносливо студено бидејќи дуваше, не само до прозорците туку исто толку и откај вратите кои никогаш убаво не се затвораат, а исто и од подот и преку таванот. На подот, меѓу штиците, понекогаш има такви отвори што можеше да гледаш што се прави долу. Такви отвори има и на таванот, а понекогаш таван воопшто и нема и, преку покривот од ќерамидите, се гледаат ѕвездите. За затоплување понекогаш има огниште, но во ретки случаи тоа е такво што во него може да се запали оган; обично таквото огниште или е без оџак или пак оџакот е направен така што од него чури*

*страшен чад. Впрочем, најчесто во ановите, како и во приватните градски куќи, воопшто нема огниште, а за затоплување на станарите сред соба се поставува мангалот. Кому му е студено ќе седне до мангалот и ќе ги протега рацете над него.“*

Набљудувајќи ја архитектурата, ановите можат да се поделат на пет групи: прва група - „прост попатен ан“, втора група - „попатен приземен ан со двор и со или без кат“, трета група - „ан со приземје, кат и без двор“, четврта група - „селски ан со приземје, пондила, кат и двор“, и петта група - „правоаголен ан со приземје, кат со соби и двор во средината“ или „ан каравансарај“.

Прва група, „прост попатен ан“ се наједноставни анови кои биле со една поголема настрешница, во предниот дел отворени по целата должина, а задниот дел се состоел од еден ѕид на кого се наоѓале железни алки или дрвени гредички за кои се врзувала живата стока, како и јасли. На едниот крај се наоѓала една просторија на анџијата. Овие анови, кои биле лоцирани покрај патишта обично служеле за поминувачите и за еднодневен одмор и најчесто се користеле во лето. Во некои од овие анови имало и простор за налбат – потковувач на коњи (Види: Цртеж 11) Додека пак во градовите, овие анови им служеле на селаните што тука доаѓале на пазар.




**Цртеж 11**: Прва група на „прост - попатен ан“

Втора група на „попатен приземен ан со двор и со или без кат“ биле анови со една долга приземна пондила заградена од сите страни со тесни прозорчиња и голема влезна врата, како би можела да излезе натоварената стока. Во некои анови, во оваа

просторија се чувала и живината на анџијата, па спиењето било крајно неудобно поради нечистотијата. Дел од овие анови имале кат со соба каде имало рогозина како единствен мебел, ставена врз нечистиот под, наземи. Во приземјето и дворот се чувала стоката и биле крајно неуредни и нечисти. Овие анови најчесто биле покрај патиштата, во близина на планинските превои, и во градови во близина на сточните пазари.

За таков случај ни даваат приказ двајца Англичани што патувале низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година. Тие забележуваат: *„Ноќта што ја поминавме во анот беше вистинска „источна ноќ“. Во иста соба беа коњите, птиците, безброј муви, и за цело време се слушаше рикање, мукање, кукуригање и гризење, а гуските се качуваа врз нас со нивните широки шепи и ние бесни избегавме надвор на полноќ“.* Ова не е единствен случај, вакви биле сите анови од ваков тип.



**Слика 8**: Втора група, „попатен приземен ан со кат и двор“




**Цртеж 12**: Втора група, градски ан со кат и двор како пазари-ште, крајно нечист

Трета група на „ан со приземје, кат и без двор“. Овие анови имале приземје со неколку простории и кат. На катот се наоѓале простории за ноќевање со оскуден мебел, крајно нечист. Најголем број од нив биле лоцирани во градските и селските населби и биле без или со мал двор.





**Цртеж 13 и Слика 9**: Трета група, „ан со приземје и кат“

Четврта група на анови, или „селски ан со приземје, пондила, кат и двор“ биле помали и личеле на селските куќи, со помала пондила во приземјето и две - три соби на катот. Најчесто биле лоцирани во селата или во непосредна близина.




**Слика 10**: „Селски – попатен ан“ стар приземен ан и нов еднокатен ан, село Ибраимово - Петровец



**Слика 11**: „Попатен приземен ан“ и „ан со кат“

Петта група на анови биле „правоаголни анови со приземје, кат со соби и двор во средината“ изградени во форма на правоаголник или квадрат. Се состоеле од: приземје, кат со соби и двор во средината. Кај нив имало пондили, магацински простории и простории за ноќевање, а некаде и мала меана-крчма. Од сите страни анот бил заграден, а само од едната страна имал голема влезна врата. Поголемите од овој вид анови биле нарекувани како „ан каравансарај“. Ваквите анови ги имало во поголемите градови.

Патописот на Едвард Мани од 1856 година, кој во Битола останал една година, еве што забележал за еден ан: *„...Набргу стигнавме до анот и, пред да продолжам треба да го опишам. Всушност, самиот збор значи крчма или место за одмор на луѓе и коњи. Ова е многу различно од секое место од ваков вид во Англија. Обично се состои од голем отворен двор, со чешма и резервоар за вода во средината, каде се напојуваат коњите на патниците. Дворот е опкружен со ниски згради. Приземјето, по целата должина, се употребува за штали, а на горниот кат се собите за патниците. Пред собите има кружен балкон кој гледа во дворот. Зградите обично се широки осум до десет стапки, потпрени се со столбови пред шталите и под покривот на останатиот дел од зградата“.*



**Слика 12**: Петта група „правоаголен ан со приземје, кат со соби, двор и други придружни објекти или „ан каравансарај“



Кога започнало да се тргува во ановите, започнале да се разменуваат и мислења помеѓу патниците за квалитетот и безбедноста на патот, на стоката во разните градови, цените и побарувачката, потоа за разните доживувања, за легендите, приказните и друго. Од ова произлегло во ановите да се градат и кафеани.

**Слика 13**: Влез во квадратен ан на спрат со простории за ноќевање

Послугата во ановите зависела од големината и од типот. Секој ан имал сопственик. Тој се трудел за целокупната работа на анот, неговото одржување, опремата и исхраната, бројот на послугата и др. Доколку во анот се служело и јадење, тој имал и готвач. За одржување на собите, инвентарот, постелината и затоплувањето на просториите, се грижел собар. Еден човек бил задолжен за отворање и затворање на анот. Анот бил отворан

наутро, откако сите гости ќе провереле дека сета стока им е тука, а бил затворан два часа по заоѓањето на сонцето. Потоа, истиот човек бил задолжен и за исхраната на коњите и другата жива стока, за количината на дадената храна за секој коњ поради наплата, како и за чистотата на дворот.

Градските населби, за разлика од селските, имале развиено занаетчиство кое побудувало интерес кај селското население макар еднаш неделно да гравитираат кон градовите, за да се снабдуваат со занаетчиски производи. На овој начин градските населби станале и трговски центри за околното селско население. Од друга страна, секој град со својата околина се разликувал од другиот град со своите занаетчиски и земјоделски производи и рудното богатство. Особено поголема разлика постоела во производите помеѓу пооддалечените градови и градовите од други земји  со други климатски услови. Ваквите разлики помеѓу градските населби предизвикале интерес за размена на занаетчиски и земјоделски производи помеѓу градовите, односно појавата на трговијата.



**Слика 14**: Градски ан, во Битола

Трговците што доаѓале од подалечните места останувале подолго време во градовите, па оттаму се јавила потребата за изградба на анови. Во помалите градови имало помалку анови и тие биле помали, повеќе служеле за околното селско население. Во поголемите градови имало поголем број анови, помали и поголеми, со магацински простории.

Првите записи за нивното постоење ги сретнуваме во турските вакафмани од XV век.

Да напомениме дека во извесен смисол, услуга за преноќевање и одмор давале и **манастирите**, но не во толкава

мера како ановите и карвансараите, бидејќи тие претежно се наоѓале настрана од патиштата и не биле во допир со патниците. Доколку имало престој, патниците за укажаната услуга не плаќале ништо, освен ако доброволно оставеле по некоја сума на пари или подароци.

Во текот на XIX век и првата половина на XX век почнало да опаѓа значењето на ановите и карвансараите како последица на пронаоѓањето на телефон. Со него се овозможило лесно и брзо да се пренесуваат мислења на поголема далечина. Овој изум за пренесување на мислења, наредби и друго, потпомогнал во извесна мерка да опадне значењето на ановите, ако не и за нивното наполно изумирање, бидејќи се намалиле патувањата, како и државно-службените патувања. На крајот на деветнаесеттиот век, во деловите каде што се јавува железничкиот сообраќај во Македонија, почнало да се намалува значењето на кираџиството и анџиството. Наполно изумирање на ановите настапило со пронаоѓањето на автомобилот, камионот и авионот и нивната широка примена особено по Втората светска војна. Со овие превозни средства патниците брзо го совладувале просторот помеѓу населбите и така немало потреба од попатни анови за одмор.

Но, дали попатните и градските анови изумреле ? Не, тие сега се трансформираат во мотели и хотели, што значи дека попатните анови се претходници на мотелите, а градските анови на хотелите.

Хотелите и мотелите за разлика од ановите се далеку поусовршени и ја вршат истата функција што ја вршеле ановите. Услугата што била давана на живата стока, сега е заменета со паркинзи, бензиски пумпи и сервиси. Единствено што се изгуби се магацинските простории за трговската стока. Затоа денес се градат посебни магацини во градовите.

## Патната мрежа и попатните анови

Како што рековме во почетокот, еден од главните услови за изградба на ановите биле патиштата. Патиштата изградени од Римјаните биле наследени во средниот век и се одржувале до XX век. Во текот на нивното постоење, некои се доградувале, некои го коригирале правецот, заради полесно минување преку реки, превои или заради поголема безбедност.

Во прегледот подолу ќе дадеме опис на повеќе патишта низ Македонија со нивните попатни анови.[1]

<u>По Вардарската долина</u>, патот одел преку Катланово – Штип долината на реката Лакавица – Бела Река – Дервенска Река – Валандово – Дојран – Кара Сули – Солун. Патот не одел по долината на реката Вардар, бидејќи поминувал низ неколку клисури, па сигурноста не била голема и патувањето било поотежнато. Патот згаснува со изградбата на железничката линија во 1873 година и поделбата на Македонија во 1912 година. На овој пат освен во градовите имало и други попатни анови.

<u>Во околината на Скопје</u> низ историјата се споменуваат следниве анови, лоцирани во котлината и нејзиниот раб. Најблиску до градот биле ановите во село **Маџари, два ана** со село **Долно Оризарски, еден ан во Идризово, два ана во Ибрахимово или Петровец, Катланово, Сопиште** *(Сопишки ан – Голем ан)*, **Драчево-Студеничани, Никуштак** *(Ан Бучар или Бучук)*, **Радуша, Семениште–Буковик** *(Ан Семениште)*, **Бојани** *(Ан Бојане),* **Блаце** *(Елеш ан),* **Злокуќани** *(Ан Злотич)*, **Ѓојлери, Пуста Брезница, Арачиново-Харачиново, Мојанце, Алдинце**. Вкупниот во котлината имало 20 попатни ана.

<u>Првиот ан поаѓајќи од Скопје спрема Солун, преку Штип до Дојран</u> се наоѓал во Маџари, на 5 км. оддалеченост од центарот на Скопје. Вториот локалитет бил во Петровец, каде што имало два ана, оддалечени 17 км. од Скопје. По *Петровец ан* имало во Катланово на 25 км од Скопје. На 25 км пред Штип, на патот Велес – Штип кај селото **Сарамзалино** (Сари Хамзали Караџали) се наоѓал последниот ан до Штип, и топонимот „Анџиска чешма“, во село Делисинци се споменува „Анџино ливадче“, На патот Свети Николе – Штип, на 15 км од Штип во село **Кардифаково** се споменува „Голем ан. Од Штип до Солун имало на три места анови. Првиот од Штип се наоѓал на околу 30 км, кај раселеното село **Трескавец** северозападно од селото Долни Радеш. Следниот ан бил во селото **Фурка**, па потоа во Дојран и последниот ан се наоѓал кај некогашната железничка станица на селото **Арџан**. Од патот Скопје – Солун, се двоеле

[1] Меѓуградските анови се извлечени од австроунгарски карти 1:200.000. Prizren, Skoplje, E.Palanka, Džumaja, Elbasan, Monastir, Voden, Saloniki, Kavala I Larisa. Топографска карта 39-40, Битола од 1890 г. (со име регистирани се 22 ана); Топографдска карта 39-41 Карта Битола – Прилеп, Турски период, 1900 г., (со име регистрирани 16 ана). Користени се повеќе книги и други извори, сите цитирани во делот Користена литература и други извори.

неколку споредни патишта кон исток и запад. Така кај селото Отавица се двоел патот за Велес. Бидејќи растојанитето било кратко, до Велес немало ан. Ист е случајот и со патот што се поврзувал со Свети Николе, а се двоел кај селото Џумајлија. Меѓутоа од други записи дознаваме дека имало **7 анови** во село **Малино** и еден во село **Кнежје**. Анови имало и во Свети Николе. Вкупно на овој пат (со исклучок на ановите во Маџари, Петровец 2 и Катланово, кои се споменати претходно) имало најмалку 13 ана, без градските во Дојран и Свети Николе.

На патот Штип – Неготино, еден ан имало во село **Хаџи Рецепли** и **7 ана** во село **Криволак**. На патот Неготино – Демир Капија - Валандово – Дојран – Гевгелија, ако ги иземеме градските ана и претходно споменатите попатни анови во Фурка, други анови имало во село **Ѓавато** еден ан, и во село **Стојаково** каде имало **два ана**. Вкупно на оваа делница имало 11 попатни анови.

Од Штип два патишта оделе кон Источна Македонија. Едниот одел десно, а другиот лево од Брегалница. Десниот пат поминувал низ Кочани и во Виница се соединувал со другиот пат, понатаму продолжувал покрај Брегалница поврзувајќи ги сите населби од овој дел на Македонија. На овој дел регистриран е само *Караџа ан*, западно од селото **Турија**, каде имало и караула. Од тука се одело до Царево Село (Делчево) и Пехчево, додека пак од Виница преку село Блатец и Владимирово се одело во Берово. На топографските карти забележани се само караули, додека анови не се регистрирани. Сепак, поради големината и важноста на населбите можно е постоење на анови во наведените, но и во некои други села (Крупиште, Калиманци, Каменица и др.), но за ова не располагаме со цврсти докази. Резимирано на овој патен правец, без градските анови, е потврдено дека имало 1 попатен ан.

На релацијата Радовиш - Струмица, анови имало на 6 километри од Радовиш кај некогашниот **Нов Чифлик** (Јени Чифлик), на пола пат до Струмица, се наоѓал *Голем ан* или *Велики Хан,* кој бил во близина на селото **Василево**. Помеѓу Струмица и Петрич на картите нема регистрирано анови. Вкупно во овој простор имало 2 попатни ана.

Во североисточна Македонија, на релацијата Скопје – Куманово - Крива Паланка, се наоѓале повеќе анови. Првиот ан се викал **Путин** кај Младо Нагоричане, на околу 15 км оддалечен од Куманово. Потоа во **Старо Нагоричане** постоеле **три ана**, а во **Стрезовце** постоел *Дедо Стефанов ан* од Довезанце, за кој

се раскажува дека бил многу голем. Имал соби за спиење за патниците и трговците, во кулата над влезната врата. Дворот бил заграден со висок ѕид 3- 4 метри и зафаќал голем простор во кој можело да се сместат до 2.000 коњи, потоа имал своја фурна, потковачница и др. Други анови имало во просторот меѓу селата **Турковци - Врачевци**, под село **Огут** имало **два Големи ана** (еден на патот кон село Трговиште – денес во Р. Србија, и втор на патот кон село Радовница, денес во Р.Србија), под село **Подржи Коњ**, и под село **Киселица**, па во близина на село **Облавци** – *Орах ан* на околу 15 км оддалечен од Младо Нагоричано, во близина на село **Страцин**, под село **Ранковце** – *Ан Ранковци или Хранковци,* кај **Гиновци** *Чиф ан*, во **Псача (**постоел голем ан кој се викал *Таш ан* или Камен крчма), во село **Каваклија** (денес Долна Опила – мало на село Опила), во **Конопница** (*Конопница ан*) и последниот ан во Крива Паланка. Други анови кои се споменуваат во микро обласата Средорек биле на *Дедо Дин, Михајлов ан, Џанков ан, Егрису* и други и биле лоцирани во некои од претходно наведените села. Од Куманово спрема Врање анови се наоѓале во **Табановце**. На оваа насока Скопје – Куманово – Крива Планака имало најмалку 17 попатни анови, без градските.

Патот што се двоел од кривопаланечкиот пат кон Кратово и Кочани бил од локално значење и помалку прометен, но сепак и на него имало анови. Така на раскрсницата кај што се влева Кратовска Река во Крива Река, односно во близина на село **Кетеново** се наоѓале **два ана -** *Ан Љубовци* и уште еден друг. На патот Страцин – Кратово, ан се наоѓал помеѓу селата **Трновци - Опила** се наоѓал *ан Опила*, кај село **Талашманци два ана** – *Вуле ан* и *Симонов ан*. На патот Клечевце – Белаковце – Кратово, во близина на село **Клечевце** се наоѓал *ан Егри су*. Потоа ан во близина на село **Филиповци**, Додека пак во село **Барбарово** имало *Голем ан*, од овде патот се делел на повеќе дела, кон Свети Николе, кон Штип, Кочани и Злетово. На овој патен правец се наоѓале најмалку 8 попатни анови.

Патот Струга – Охрид – Битола, физички е дел од познатиот пат Виа Егнатиа. Овој значаен пат бил подигнат во римско време и се одржал до 1912 година. Патот бил доста прометен и претставувал најкратка врска помеѓу Јужна Италија и Константинопол, поврзувајќи повеќе градови. Неговото неколку-вековно значење запира со поделбата на Македонија и поставувањето на политичката граница 1912 година. Со тоа патот бил поделен на три држави: Албанија, Србија и Грција, и

со тоа запира неговата две милениумска функција на поврзување на Јадранско со Егејско Море, односно на Драч со Солун. Така, со поделбата неговото значење продолжува и понатаму меѓутоа сега во рамките на секоја од споменатите држави. Поради неколкувековниот промет со патници, имало изградено повеќе анови во градовите и помеѓу градовите. Првиот ан бил во Струга, потоа Охрид, па во село **Крушје** (*Голем ан*). Помеѓу **Кривени** и Јанковец се наоѓал анот на *Сали паша,* по него ан имало во село **Јанковец** и во град Ресен. Напуштајќи го Ресен, првиот ан бил во селото **Козјак** од каде што еден пат се двоел за да оди по западниот брег на Преспанското Езеро до Корча, а оттаму до Јанина. Овој пат е познат како Епирски пат.

На Епирскиот пат што одел од Ресен по западниот брег на Преспанското Езеро за Горица (Корча) биле следните анови во **Дрмени,** *Сур ан* кај селото **Шурленци**, *Стенја* кај село **Лесковец**. Од Козјак до Битола, ан имало на превојот **Ѓавато и 7 ана** во **Кажани**. Додека пак, од село Козјак, покрај источниот брег на Преспанско Езеро, ан имало под село **Крани**, именуван како *Карахан*. Напуштајќи ја Битола на патот за Лерин, ан имало во близина под село **Барешани** на потегот Барешани - Лажец. Вкупно на овој патен правец, без градските имало најмалку 17 попатни ана.

Ако се патувало од Прилеп за Лерин и Воден преку источниот пат во Пелагонија, анови имало во близина на селата **Ерековци, Добрушево, Дедебалци, Алинци, два ана** во **Ношпал** (месност „Меѓуаништа“), **Новаци, Средно Егри и Скочивир,** а од Старавина - Маково кон Битола, ан имало во **Суводол**. Вкупно на овој правец имало 10 ана.

На релацијата од Скопје спрема Западна Македонија, патот одел преку Тетово и Гостивар. Во Гостивар тој се двоел еден преку Дебар за Струга, а вториот за Кичево. Во Кичево пак еден пат се довел за Охрид, друг за Битола и трет преку Македонски Брод за Прилеп.

На делницата помеѓу Скопје и Тетово постоеле два ана, едниот бил кај Буковиќ *или Ан Семениште*, (претходно споменет во Скопска Котлина) а вториот во **Гримшин или Групчин**. Помеѓу Тетово и Гостивар имало само еден ан на средината и тоа помеѓу селата **Жеровјане - Боговиње**. Ан имало и во село **Теарце**, тетовско.

Од Гостивар до Струга преку Дебар имало **6 ана** во близината на **Маврово** односно кај денешниот мотел, потоа кај селото **Велебрдо - Ростуша** и кај град Дебар. На патот помеѓу

Кичево и Дебар ан имало на патот во село **Душегубица**, друг во село Извор и трет на патот под село **Гари**. Помеѓу Дебар и Струга, анови имало во подножјето на селото **Луково - Нерези** сопственост на Мерсин бег, потоа на потегот помеѓу селата **Добовјани – Ново Село - Велешта**. Вкупно на овој правец (без Буковиќ кој е претходно споменет) има 15 ана.

На релацијата Гостивар–Охрид преку Кичево, анови имало во четири села:**Падалишта**,Кичево,**Брѓани-Бржадани, Издеглавје и Ботун**. Од Кичево до Битола поредени биле 17 анови, кои егзистирале во различни периоди, па така анови имало во следните попатни населби: **Старовец,Велмевци, Доленци,Жван,Сопотница,Суво Грло,Прибилци,Сладуево, Белче** *(Ан Белче)*, **Мургашево** (2 ана), **Мраморица, Лопатица** *(Ветви ан),* **Лисолај** *(Бели Мост)*, под село **Габалавци**, па ан помеѓу **Драгарино-Драгожани**, и ан во **Кукуречани** (*Велјан ан*).

Од Кичево за Прилеп преку Македонски Брод и Крушево анови имало во десет села (без Македонски Брод): **Челопек, Избишта, Ореховец,** Македонски Брод **и Ропотово.** Во областа Порече, покрај во Македонски Брод, анови имало во село **Самоков** и село **Модришта**. Можно е постоење и на анови во поголемите и сообраќајно поважните села Долни Манастирец, Здуње и Близанско, но за ова наше мислење немаме цврсти докази. Патник кој сакал да оди од Кичево за Крушево можел да се одмори во анот во село Старовец, па преку Шоп или Слп – во село **Цер** каде имало ан, па се продолжувало кон Пуста Река – Долно Дивјак и Рилево да стигне до Крушево. Додека ако патувал од Македонски Брод за Крушево, тогаш морал да се одмори во анот во село **Житоше**, а ако сакал да продолжи за Битола, анови имало на патот Прилеп - Крушево, западно од **Кривогаштани** и на патот Крушево – Бучин – Битола, ан имало во село **Подино**. Вкупно на овој простор, за четирите патни правци, без градските населби, имало 30 попатни анови.

На патот Битола – Прилеп – Велес, првиот ан бил во село **Тополчани**, втор ан **Вашаревачки ан** и трет ан се викал по името на сопственикот Зекерија *Петилат (Зекерја Петилеп)* североисточно од **Црнобуки** (заедно со Зекерија имало 2 ана). Од Прилеп кон Велес преку Плетвар имало анови кај следните села: **Плетвар** со **8 анови**, **Беловодица, Тројанци, Топлица, Ракле, Фариш, Дреново, Камен Дол,** ан имало и кај некогашниот **Безет Чифлик и Градско** со **два ана**, и еден во село **Тимјаник**, неготинско. Се споменува дека ан имало и во селата Росоман и Виничани, но не добивме цврсти докази за тоа.

На патот преку Бабуна, првиот ан бил кај селото **Црнилиште** и е наречен *Црнишки ан*, и следен ан сртот на **Бабуна** – *Бабунски ан*, па *Везиров ан* близу село **Степанци**. На патот Прилеп – Велес преку планина Клепа и превојот **Присат**, патникот морал да се одмори во големиот *Абди пашин ан* во кого имало 20 – 100 турски војници. Овој ан бил заграден со висок ѕид, а над влезната врата се наоѓала кула за турска полиција и војска што го обезбедувала патот. Во анот имало соби за спиење и пондила за коњи. Одејќи спрема Велес следеле два запуштени ана. Едниот бил кај селото **Извор**, а вториот се викал *Котев ан* што бил покрај реката Бабуна, јужно од село **Стариград**. Последниот бил *Врановачки ан* во близина на село **Долно Врановци**, и се викал „Песок“ (во картата забележан со турското име Кумсал – Песок). Ан имало и во **Ново Село** и во **Богомила**. На овој патен правец имало најмалку 32 ана.

Според топографска карта од 1890 и од 1900 г. со име и знаци обележани се 34 ана, од кои 5 биле големи. Па така, на патот од Битола за Охрид биле поредени следниве анови: „Кажански ан“ и „Гаватски ан“, кај село Кривени „Ан Салипаша“, „Голем ан Крушје“, ан во село Козјак, ан во село Дрмени, а спрема Преспанско Езеро биле „Сур Хан“, „ан Стење“, а од другата источна страна се споменува „Кара хан“ под село Крани. На патот од Битола за Кичево, биле поредени следните анови: ан помеѓу Драгарино – Драгожани, ан под Габалавци, „Ан Мраморица“, „Голем и мали ан Мургаш“, „Ан Белче“, Ан во Прибилци, „Голем ан Сухо Грло“, „Голем ан Сопотница“, ан Доленци, „Голем ан кај Старовец“, кај село Ижица „Ан Ижица“ во близина на село Пласница. Од Битола кон Крушево „Ан Подино“, ан под Стари Дол – западно до Кривогаштани. Од Битола кон Прилеп бил анот: ан Зекерија Петилап, „Вашареица ан“, и ан во Тополчани. На патот од Прилеп за Велес преку Присад, непосредно под планинскиот превој кон Велес бил „Абдипаша ан и чифлик“. Додека од Прилеп преку Плетвар за Велес биле поредени ановите: „Плетварски ан“, ан Тројаци, „Ан Топлица“, „Ан Ракле“ и „Ан Фариш“. На патот Битола – Лерин, ан под село Барешани. Други анови биле во с. Скочивир, мал ан источно под Битола покрај река Драгор и ан во с. Цер.

До крајот на 19 век патните правци во Пелагониската низина не биле како денешните. Во народот е зачувана традицијата за тоа кои правци воделе и кои биле патиштата. **Првиот пат, Главниот внатрешен пат** водел по подножјето на источниот котлински раб. Поаѓајќи од Прилеп на север и одејќи

спрема југ, водел преку денешните село Чумово, Мало Рувци, Канатларци, Будаково, Дедебалци и село Новаци. Оттука патот се делел на два крака: еден скршнувал на запад и водел во Битола, додека пак вториот продолжувал на југ преку село Брод на Црна Река. **Вториот, внатрешен пат** водел во подножјето на западниот котлински раб. Поаѓајќи од Битола на југ, тој одејќи на север, водел преку денешните села Кукуречани, Долно Српци, Трновци, Бучин до Дебреште.

Споменатите патишта се држеле до ивичните зони на котлинската рамнина која не била плавена. Меѓутоа, наведените патни правци останале во употреба до втората половина на XIX век, кога Турците почнале да посветуваат повеќе внимание на комуникациските врски. Тогаш патиштата станале главна грижа на државната власт, бидејќи се чувствувала голема потреба за подобар сообраќај. Со примена на технички средства, за неколку години совладани се природни препреки и во средината на котлината изградена е денешниот главен комуникациски пат Битола – Прилеп. Тоа е „насип“, односно насипан пат од камен и шљунок. Овој праволиниски пат ја пресекол областа низ која до тогаш не била користена за сообраќај, поради влажни и поплавни делови. Со градбата на овој пат, важноста на старите ивични патишта одма престана и се префрли на новиот средишен пат – комуникација...Со згаснувањето на патните правци згаснаа и ановите.

На патот Битола - Ресен, важни и стратешки анови биле во селото **Кажани** имало голем ан. Така, во село Кажани во 1912 година се затечени 7 анови и 3 фурни. Во турскиот период селото било важно за живиот карвански сообраќај помеѓу Битола и Драч, така што постојано имало и турски војници.

На патот Битола – Кичево, под село **Лисолај** на местото Стар – ан имало ан во близина на Бели мост, а Ветви ан бил во близина на **Лопатица**.

Ношпал лежи на стариот пат Битола – Могила – Ношпал – Прилеп. Додека постоел споменатиот пат (до втора половина на 19 век) во село **Ношпал** имало два ана. Денес на тоа место постои топоним „меѓуанови“.

Во турско време во Средно Егри водел „пазарски пат“ со правец југоисток – северозапад. По тој пат селаните оделе во Битола. за потребите на патниците во **Средно Егри** имало ан.

Ан имало и село **Алинци – Битолско**, Алинци лежи на стариот патен правец север – југ. Овој пат од Прилеп избивал на Лагово, потоа помеѓу Марул и Канатларци се спуштал во Алинци,

па према југ продолжувал на Биљаник, Брод и во денешна Грција. По тој пат се одржувала врската помеѓу Битола и Прилеп. Патот постоел додека не е изграден денешниот пат Прилеп – Битола. Додека постоел стариот пат дотогаш во Алинци се наоѓал анот. Во него се задржувале „кираџии со каравани“.

**Табела 1**: Бројна разместеност на ановите по патни правци

| **Реден број** | **Патен правец** | **Број на анови** |
|---|---|---|
| 1. | Скопје – Свети Николе – Штип – Дојран | 13 |
| 2. | Скопје – Куманово - Крива Паланка | 17 |
| 3. | Кратово – Кочани - Штип | 8 |
| | Штип – Кочани – Виница – Делчево - Пехчево - Берово | 1 |
| 4. | Штип – Радовиш – Струмица | 2 |
| 5. | Штип – Неготино – Валандово – Гевгелија | 11 |
| 6. | Скопје – Тетово - Гостивар – Дебар – Струга | 15 |
| 7. | Гостивар – Кичево - Охрид | 4 |
| 8. | Струга – Охрид – Ресен - Битола | 17 |
| 9. | Кичево – Демир Хисар - Битола | 17 |
| 10. | Кичево – Македонски Брод – Порече - Крушево – Прилеп, со крак Крушево - Битола | 10 |
| 11. | Битола – Прилеп - Велес | 32 |
| 12. | Прилеп - источен пат во Пелагонија, и од битолско Мариово кон Битола | 10 |
| 13. | Скопска котлина | 20 |
| | **Вкупно попатни анови** | **177** |
| | **Вкупно градски анови** | **311** |
| | **СЕ ВКУПНО:** | **488** |

Покрај наброените попатни анови веројатно постоеле уште и други што се испуштени во картите или се регистирани во други документи, а за кои ние немаме информација. Од картите забележуваме и анови кои биле надвор од главните патишта, но имале анови поради добрата геостратешка положба. Како и да е вкупниот број анови (градски и попатни селски) кои ние го откривме изнесува 487, а проценуваме дека во периодот од XIX до почетокот на XX век нивниот број достигнува максимум 500

анови, од кои над 300 градски и околу 200 попатни и селски анови.

Точниот број на анови во просторот на Република Македонија неможе со сигурност да се утврди. Според нашето истражување **<u>бројот на ановите во период од крајот на XIX до почетокот на XX век изнесувал 488 ана од кои градски 311 анови</u>**. Од нив 252 анови биле лоцирани во градовите: Битола (50), Штип (47), Куманово (33), Охрид (31), Дојран (30), Прилеп (26), Скопје (22), Велес (13), Радовиш (12), Струмица (7), Неготино (5), а 35 анови во другите градови. Во селските **135** населени места биле лоцирани **177** ана, од нив доминирале село Плетвар со 8 анови, Кажани 7, Криволак 7, Малино 7, во населбата Маврово Анови 6 анови, потоа следат Старо Нагоричане со 3, Градско 2, Стојаково 2, Долно Оризари (скопско) 2, Ибраимово – Петровец 2 Црнобуки 2, Мургашево 2, Ношпал 2, Огут 2, Кетеново 2 и Талашманци со 2 ана, додека пак во **119** села имало по еден ан. Најчесто овие селски анови биле лоцирани надвор од населбата, во близина на транзитен пат, но дел од нив биле и во самите населби. (Види: Табела 1 и Географска карта 4)



**Слика 15**: Маврови анови во 1912 година



**Слика 16**: Анови во село Кажани, 1912 година



**Слика 17**:  Сур Хан (Сир хан) на Преспанско Езеро во 1912 година



**Слика 18**: Абди Паша ан и чифлик, планиски превој Присад



**Слика 19**: Абдипашин ан, Присад



**Слика 20**: Абдипашин ан, Присад, Прва светска војна

**Табела 2**: Список на анови регистрирани на просторот на Република Македонија

| Р.Б. | Населба | Број на анови | Назив на анот |
|---|---|---|---|
| 1. | Битола | 50 | „Јени ан“, „Елбасански ан“, „Корчански ан“, „Дебарски ан“, „Кичевски ан“, „Прилепски ан“, „Велушки ан“, два „Буковски ана“, „Диовски ан“, „Цапарски ан“, „Ѓаватски ан“, „Гопешки ан“, „Драгошки ан“, „Барешански ан“, „Добрушевски ан“, „Гнеотински ан“, „Драгорски ан“, „Преспански ан или уште познат како „Преспанско Езеро“, „Смилевски ан“, „Суводолски ан“, „Мариовски ан“, „Бачки ан“, „Раковски ан“, „Пипер ан“, „Ленски ан“, „Мисир ан“ ,„Мирахор ан“, „Вакавски ан“, „Потполошки ан“, „Шадрван ан“, „Ингилиз ан“, „Црна Река“, „Чипур ан“, „Филаделфија ан“, „Здравески ан (или ан на Здраве Здравески од с. Велмевци – демирхисарско“), Ан „Наум Колимагаре“, Ан „Балтовци“, Ан „Нестор“, Ан „Брдар“, Ан „Гиго“ и други анови именувани по сопственикот. |
| 2. | Штип | 47 | „Синан-Бегов Ан“, „Кара-Кадини Ан“, „Чумулџи Заде Ан“, „Кучук-Емир-Ан“, „Елмазов-Ан“, „Аликиов Ан“, „Анлар- |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | Илинде-Ан“, Пирини ан, Пиринча ан, Карван сарај, Аќифаа ан, Мамудов ан, Тошански ан, Зоев ан (Завоев), Аџипецов ан, Дуков ан, Данов ан, Горица ан, Миладински ан, Терански ан, Аџикостадинов ан и други. |
| 3. | Куманово | 33 | Ќурчи ан или Курчиски ан (Кожуварски ан), Бајковскиот ан, анот на Џартови, анот на семејството Соларски, Карабаџаковиот ан и др. |
| 4. | Охрид | 31 | |
| 5. | Дојран | 30 | Анот на Цилеви, Текелиеви, Шарланџиеви, Захови, Махалакеви, Стојкови, Катранџиеви, Манастирчеви, Андонови, Прочкови, Патриотови, Морарцалиеви, Ратишлиеви, Хаџи-Алиевиот ан и други. |
| 6. | Прилеп | 26 | Куршумли ан, ан на Димко Грабулот, ан на Боцевчињата, ан на Заревци, ан на Солуновци, ан на Плетварци, ан на Стевананџиовци, Дрвен ан, Петилапа ан, Черпчи ан, Селчански ан, Папазов ан и други. |
| 7. | Скопје | 22 | Сулу ан, Капан ан, Куршумли ан, Ќурчиски ан, Нов ан, Даут Паша ан, Јахја Паша ан, Бајрам Паша ан, Табакли ан (кожарски), Ќурчи ан, Пиринч ан, Бојали ан, Дев ан, Џамли ан, Јанчев ан, Фенери ан, и 6 Каравансараји (каравансарај на Капаџи – Баши Синан, два каравансараи на Мустафа Паша каравансарајот на Карли Заде, каравансарајот на Кукли Бег и каравансарај на Рустем Паша) |
| 8. | Велес | 13 | Прилепски, Битолски, Котевски, Бекшан ан, Крепиевски ан, Пекмез-пазарски ан, Овчеполски ан, Вакавски ан, Унчов ан, Даскалов ан, Нов ан, Чивчи-Ристов ан и Пошта ан. |
| 9. | Радовиш | 12 | |
| 10. | Струмица | 7 | Таш ан („Камен крчма“), каравансарај |
| 11. | Неготино | 5 | „Емшов ан“, „Стар ан„, „Камиларски Ан“, „Дастанов Ан“, „Танчев Ан“ |
| 12. | Валандово | 4 | Тодоров ан, Василев ан, Николов ан, Шунтов ан |
| 13. | Кратово | 3 | Аџиски ан, Сисперов ан, |
| 14. | Свети Николе | 3 | анот на Доне Гилев, анот на Сане Калев и анот на Михалчо Костов |
| 15. | Гевгелија | 3 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 16. | Тетово | 3 | „Бело јагне“ или Теарачки ан, Љупуров ан, Даиљов ан |
| 17. | Кавадарци | 2 | Еленов ан |
| 18. | Кичево | 2 | Ан на Ташко Бегоски од с.Велмевци, демирхисарско |
| 19. | Демир Хисар | 2 | Голем или Горни ан и Долен ан |
| 20. | Демир Капија | 2 | Горни ан и Долни ан |
| 21. | Струга | 1 | |
| 22. | Ресен | 1 | |
| 23. | Гостивар | 1 | |
| 24. | Дебар | 1 | |
| 25. | Кочани | 1 | |
| 26. | Виница | 1 | |
| 27. | Крива Паланка | 1 | Бегов ан |
| 28. | Македонски Брод | 1 | |
| 29. | Берово | 1 | |
| 30. | Делчево | 1 | |
| 31. | Пехчево | 1 | |
| 32. | Плетвар | 8 | Соколовски,Дуковски,Богоевски,Крнечвски, Костов ан |
| 33. | Маврово | 6 | |
| 34. | Стојаково | 2 | Голем ан - Хаџиев ан, и Меркез – Ханлери ан |
| 35. | Ѓавато, гевгелиско | 1 | |
| 36. | Турија | 1 | Караџа ан |
| 37. | Трескавец, Долни Радеш | 1 | |
| 38. | Фурка | 1 | Фурски аништа и Анови на Анска Река |
| 39. | Арџан | 1 | |
| 40. | Нов Чифилк, Радовишко | 1 | Јени Чифлик |
| 41. | Василево | 1 | |
| 42. | Тимјаник | 1 | Емшов ан |
| 43. | Градско | 2 | |
| 44. | Камен Дол | 1 | Каменов ан |
| 45. | Дреново | 1 | Дренов ан |
| 46. | Фариш | 1 | Фаришки ан |
| 47. | Ракле | 1 | Раклишни ан |
| 48. | Топлица | 1 | Топлични ан |
| 49. | Тројанци | 1 | |
| 50. | Беловодица | 1 | |
| 51. | Присат | 1 | Абди пашин Ан |
| 52. | Црнилиште | 1 | Црнишки ан |
| 53. | Планина Бабуна | 1 | Бабунски ан на сртот на пл. Бабуна |
| 54. | Степанци | 1 | Везиров ан |
| 55. | Извор, велешко | 1 | |
| 56. | Стари Град | 1 | Котев ан |
| 57. | Долно Врановци, велешко | 1 | Врановачки ан со име „Песок“, по турски Кумсал-Песок |
| 58. | Богомила | 1 | |
| 59. | Новосело | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 60. | Тополчани | 1 | |
| 61. | Црнобуки | 2 | Зекерја Петилап |
| 62. | Вашарејца | 1 | Вашаревички ан |
| 63. | Кажани, битолско | 7 | Кажански ан, Караула, се споменува дека имало и 7 ан |
| 64. | Ѓавато, битолско | 1 | Ѓаватски ан |
| 65. | Кривени, ресенско | 1 | „Ан Салипаша“ |
| 66. | Крушје, ресенско | 1 | Голем ан Крушје |
| 67. | Јанковец | 1 | |
| 68. | Козјак | 1 | |
| 69. | Дрмени | 1 | |
| 70. | Шурленци, ресенско | 1 | Сур или Сир Хан, кај село Шурленци |
| 71. | Лесковец-Стење, ресенско | 1 | Ан Стења, кај село Лесковец |
| 72. | Крани, ресенско | 1 | Кара Хан |
| 73. | Драгарино - Драгожани | 1 | |
| 74. | Габалавци | 1 | |
| 75. | Лисолај, битолско | 1 | Ан кај Бели Мост (Стар ан) |
| 76. | Лопатица, битолско | 1 | Лопатички ан (Ветви ан) |
| 77. | Мраморица, демир хисарско | 1 | Ан Мраморица или Мраморички ан |
| 78. | Мургашево – Демир Хисар | 2 | Мали ан Мургаш или Шотески ан – сопственик бил Неделко Шотески по потекло од с.Велмевци, и Голем ан |
| 79. | Белче, демир хисарско | 1 | Ан Белче или Белички ан |
| 80. | Прибилци | 1 | |
| 81. | Суво Грло, демир хисарско | 1 | Голем ан Суво Грло |
| 82. | Сопотница, демир хисарско | 1 | Сопотнички ан |
| 83. | Жван, демир хисарско | 1 | Жвански ан |
| 84. | Доленци, демир хисарско | 1 | Ан Доленци |
| 85. | Велмевци | 1 | |
| 86. | Сладуево, Демир Хисар | 1 | Сладуевачки ан |
| 87. | Изишта, кичевско | 1 | Ан Ижица |
| 88. | Челопек, кичевско | 1 | |
| 89. | Ореховец | 1 | |
| 90. | Старовец, кичевско | 1 | |
| 91. | Цер | 1 | |
| 92. | Падалиште,гостив арско | 1 | Ан Падалишта |
| 93. | Самоков | 1 | |
| 94. | Модришта | 1 | |
| 95. | Брѓани - Брждани | 1 | Под село на патот Кичево - Охрид |
| 96. | Издеглавје | 1 | |
| 97. | Ботун | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 98. | Подино, битолско | 1 | Ан Подино |
| 99. | Кукуречани | 1 | Велјан ан - Ан на Велјан Ангелески од с. Велмевци-демирхисарско |
| 100. | Велебрдо - Ростуша | 1 | |
| 101. | Гари | 1 | Под село Гари на патот од Кичево за Дебар |
| 102. | Душегубица | 1 | |
| 103. | Извор, кичевско | 1 | |
| 104. | Луково-Нерези, струшко | 1 | Ан Мерсин беј |
| 105. | Добовјани – Ново Село - Велешта | 1 | |
| 106. | Групчин (Гримшин) | 1 | Групчин ан |
| 107. | Буковиќ-Семениште, тетовско | 1 | Ан Семиниште |
| 108. | Теарце, тетовско | 1 | |
| 109. | Жеровјане-Боговиње, гостиварско | 1 | |
| 110. | Катланово | 1 | Катлановски ан или Каплан ан (тигар) |
| 111. | Долно Оризари,скопско | 2 | Оризарски анови |
| 112. | Маџера - Маџари | 1 | |
| 113. | Ѓојлерија - Ѓојлери | 1 | |
| 114. | Идризово | 1 | |
| 115. | Арачиново | 1 | |
| 116. | Мојанце | 1 | |
| 117. | Ибраимово – Петровец | 2 | Петровец ан |
| 118. | Сопиште | 1 | Сопишки ан – Голем ан |
| 119. | Драчево - Студеничани | 1 | |
| 120. | Радуша | 1 | |
| 121. | Никуштак | 1 | Ан Бучар или Бучук |
| 122. | Писта Брезница | 1 | |
| 123. | Алдинце | 1 | |
| 124. | Злокуќани | 1 | Злотич |
| 125. | Бојани | 1 | Ан Бојане |
| 126. | Блаце, скопско | 1 | Елеш хан, под с. Блаце, на патот Скопје - Качаник |
| 127. | Кривогаштани | 1 | Западно од Кривогаштани на патот за Крушево |
| 128. | Житоше | 1 | |
| 129. | Ропотово | 1 | |
| 130. | Барешани - Лажец | 1 | Под село Барешани |
| 131. | Средно Егри | 1 | |
| 132. | Скочивир | 1 | |
| 133. | Суводол | 1 | |
| 134. | Новаци | 1 | |
| 135. | Ношпал | 2 | место „Меѓуанови“ |
| 136. | Алинци, Битолско | 1 | |
| 137. | Дедебалци | 1 | |
| 138. | Добрушево | 1 | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 139. | Ерековци | 1 | |
| 140. | Младо Нагоричане | 1 | Путин ан |
| 141. | Старо Нагоричане | 3 | |
| 142. | Стрезовце | 1 | Дедо Стеванов ан |
| 143. | Турковци - Врачевци | 1 | На пато помеѓу Пузајка - Врачевци |
| 144. | Огут, Крива Паланка | 2 | Под селото регистрирани два Голем ана. Еден на патот за Трговиште (денес во Р. Србија), и втор на патот за Радовница (денес во Р. Србија) |
| 145. | Подржи Коњ– Крстов Дол | 1 | |
| 146. | Киселица | 1 | |
| 147. | Облавци | 1 | Орах хан |
| 148. | Страцин | 1 | |
| 149. | Рановце | 1 | Ан Ранковци<br>Ранковце Хан, под село на патот за Крива Паланка |
| 150. | Гиновце | 1 | Чиф ан |
| 151. | Псача | 1 | Таш - ан („Камен крчма“), Чифде хан |
| 152. | Каваклија | 1 | Денес мало на село Опила, или Долна Опила |
| 153. | Конопница | 1 | Ан Конопница |
| 154. | Табановце | 1 | |
| 155. | Трновци – Опила | 1 | Опила Хан, помеѓу село Трновци и Опила – Кратовско |
| 156. | Кетеново, кратовско | 2 | Два ана Љубовци, помеѓу село Кетеново и Куклица-Кратовско |
| 157. | Филиповци | 1 | |
| 158. | Талашманци | 2 | Вук Ан или Ан Вуле – Вучки ан, и Симонов ан |
| 159. | Клечевце | 1 | Ан Егрису |
| 160. | Барбарово, пробиштип | 1 | |
| 161. | Малино | 7 | Соколев, Манасиев, Вучков, два Маневи и два Здравеви анови. Топоними „Камилишка падина“. |
| 162. | Кнежје | 1 | Голем ан |
| 163. | Сари Хамзали – Џумајли Карaџали (Сарамзалино) | 1 | Анџиска чешма |
| 164. | Кардифаково | 1 | Голем ан |
| 165. | Хаџи Реџепли, штипско | 1 | |
| 166. | Криволак | 7 | |




**Карта 4:** Географска разместеност на ановите во Република Македонија (од средината на XIX век до почетокот на XX век)

# Од меани до ресторани

**Меаната** е угостителски објект во кој се подготвуваат и се послужуваат алкохолни и безалкохолни пијалаци, ладни и топли напитоци и јадења кои многу брзо се подготвуваат. Меаните работат преку цел ден. Опремата и инвентарот во меаната се едноставни. Меаните се наоѓаат во градовите и во селата. Во нашата држава за првпат се споменуваат во XV и XVI век. Пример во Битола имало дури 18 меани, во Прилеп 2, Велес 1, Скопје, Штип, во Охрид 7 (1660 година), итн. Покасно во XIX век меани се појавуваат во Неготино 1 (1854 г.), а во Кратово се регистрани дури 16 меани (1876 г.), додека во Битола (1827 г.) и Скопје (1869 г.) регистрирани се по 44 меани.

**Кафеаните**[2] се угостителски објекти во кои се послужуваат топли и ладни пијалаци, алкохолни и безалкохолни,

---

[2] Првата кафеана во Европа се спомнува во 1554 година во Истанбул, па во 1590 година, во Сараево. Во Венеција во 1645 година,, во Лондон во 1662 г. Во 1660 година се отворила таква кафеана и во Мостар. Нешто подоцна, во 1683 година кафеана се појавила и во Виена, во Англија во 1650 година, во Франција во 1645 година, во Северна Америка во 1670 г., во 1673 г. во Бремен, во Хамбург во 1678 година, во Берлин во 1721 година, во Варшава во 1724 г., во Загреб во 1749 година итн.

ладни и топли јадења, слаткарски производи и овошје. Ако хотелот не располага со сала за појадок, тогаш во кафеаната се послужуваат и појадоците.

Кафеаните според комфорот се делат на австриски и на француски тип кафеани. Австрискиот или виенскиот тип кафеани се побогато опремени во класичен стил. Имаат современ комфор, а на гостите им се овозможува дневна разонода (разни списанија, весници и др.), додека навечер гостите слушаат класична музика.

Во некои краишта на нашава земја вакви кафеани постоеле до Првата светска војна, кога биле адаптирани и преуредени во кафеани од современ тип.

Во виенскиот тип кафеани гостите се задржуваат подолго време и затоа столовите треба да бидат поудобни за седење, односно да бидат полуфотелји. Во нив имало табли и карти за играње т.е. коцкање. Покасно се вовела музика и пејачки.

Првите кафеани во Република Македонија се појавуваат во почетокот на XIX век, во 1827 година во Битола, потоа во Велес (1866 г.), Скопје (1873), Штип (1883), Дојран (кафеана „Фук Так“ во 1884 година) и други градови.

Кафеаните се отворени преку цел ден и тоа од 6 до 22 часот. Кафеаните секогаш треба да бидат чисти, а масите декорирани со цвеќиња. Масите во кафеаните можат да бидат тркалезни, квадратни и во правоаголна форма а одозгора обложени со мермер или некој друга материја која лесно се чисти.

Масите во кафеаните не се покриваат со чаршафи. Ако хотелот не располага со сала за појадок, тогаш еден дел од масите во кафеаните се покриваат со чаршави во пастелни бои. Во тој случај нарачките на гостите им се носат на послужавник кој се става пред нив. Во кафеаните треба да работата квалификувани угостителски работници и да ги познаваат сите видови топли и ладни напивки, алкохолни и безалкохолни пијалаци.

Во кафеаните можат да се послужуваат разни видови пијалаци. Келнерот ги подготвува, односно ги врши сите операции што се потребни за појадок, тој ги подготвува: путерот џемот или медот, ги подгрева чашите за чај, чајниците итн.

Во кафеаните се послужуваат и меѓуоброци, чорба, леб со сирење и маст.

Француското или таканаречениот царски тип кафеани се современо опремени објекти во кои гостите не се задржуваат подолго време, затоа не им се овозможува некоја посебна разонода. Кафеаните треба да ги имаат сите потребни помошни простории за прием на гости, и тоа: сала за прием на гости, кафе-кујна, офис и точилница на пијалоци. Салата за прием на гости може да биде на кат или на меѓукат во состав на хотелот или пак посебно од хотелот. Салата за прием на гости може да биде опремена со тркалезни, квадратни и правоаголни маси.



**Слика 21 и Цртеж 14:** Турски готвачи и турска елитна кафеана и меана

Ако во кафеаната се послужуваат и пијалаци, тогаш таа се дели на два дела, така што едниот дел се прекрива со чаршафи во пастелни бои и масите се сервираат  за предвидените пијалаци.

Другиот дел од кафеаната служи за послужување на ладни и топли напивки, алкохолни и безалкохолни пијалаци и

овошје. Доколку кафеаната нема специјален уред за вентилација, таванот не смее да биде понизок од 3,5 метри.

**Крчмата** е угостителски објект во кој се подготвуваат и се послужуваат алкохолни и безалкохолни пијалаци, ладни и топли напитоци и јадења кои многу брзо се подготвуваат. Крчмите работат преку цел ден. Опремата и инвентарот во крчмата се едноставни. Крчмите обично се наоѓаат на периферијата на градот или во селата. Во Македонија први крчми регистриаме во XVI век се во  Битола, Прилеп, Велес, а во Радовиш (во 1662 година), како и по една во селата на Битола, Велес, Кичево итн.

**Гостилница** е угостителски објект во кој се подготвува и послужува храна и пијалоци. Гостилницата всушност е претходно име за ресторан, односно за посовремен угостителски објект во кој се послужува храна и пијалоци. Први регистриани гостилници – ресторани се во Кина во XIII век во Ханжу за време на династијата Сун. Во Европа, се појавува во 1725 година во Мадрит, Шпанија.

Гостилниците – ресторантие во најголем број случаеви се составен дел од хотел или ноќевалиште. Гоастилниците можат да бидат класични и специјализирани (национална кујна, рибен, за дивеч, скара, атрактивно - тематска и сл.).

Први регистирани гостилница и тоа 25 на број се во Велес во 1866 година, 7 гостилници во Радовиш (1879 г.), додека пак, прва гостилница со име е „Локанда“ во Битола регистрирана во 1891 година.

**Ресторанитe** се големи угостителски објекти кои работат цел ден. Во нив гостите се нудат со разновидни јадења од домашна и од странска кујна, домашни и странски вина и алкохолни и безалкохолни пијалаци. Ресторанот е составен дел на хотелот каде што гостите се нудат со разновидни специјалитети од домашна и интернационална кујна. Во некои ресторани се нудат одредени специјалитети, па ги нарекуваме специјализирани ресторани, како на пример: рибни ресторани, ловечки ресторани, национални ресторани, диетални, вегетаријански, грил-ресторани, гостилници, експрес ресторани, ресторани за самопослужување, таверна, кафеана, народна кујна, бар.



**Слика 22**: Внатершен изглед на кафеана, пушење со наргиле, пиење кафе, чај и играње табла



**Слика 23**: Надворешен изглед на кафеана, пушење со наргиле, пиење кафе и чај

Први регистрирани ресторани на територијата на Р. Македонија е ресторан „Ајфелова Кула“ во 1891 година. Ресторанот бил во состав на хотел „Ореинт“ во Битола, а во почетокот на XX век се појавуваат уште неколку (ресторан во

хотел „Синтагма“, во хотел „Европа“, ресторан „Београд“ и др.). Втор регистриран ресторан е ресторанот на „Шоповиот хотел“ во Дојран во 1903 г., потоа ресторанот на хотел „Париз“ во Скопје (1905 г.) итн.

Непосредно пред Балканските војни (1912 г.) во речиси сите поголеми градови поголемите кафеани се именувани како ресторани, со што и нивниот број се зголемува.




**Карта 5:** Географска разместеност на меани, кафеани, гостилници и ресторани гледано по градови во Република Македонија

Во врска со Карта 5, напоменуваме, бројот на угостителски објекти е извлечен од разни извори. Има податоци од средината на XV век до крајот на XIX век. Бројките за некои градови не се конечни и можни се промени – зголемување на бројот на угостителски објекти.

# Преглед по градови

(каравансараи, анови, кафеани, крчми, меани, гостилници и ресторани)

## СКОПЈЕ

(6 каравансараи, 16 анови, 44 меани)

Во минатото Скопје бил развиен трговски и занаетчиски град. Во него пристигнувале карвани со трговска стока и патници. Така да уште во првите децении од османлиското владеење почнале да се градат патнички свратилишта (станици) анови односно каравансараи. Во 1498 година се споменуваат Тетовски ан и Кумановски ан.

Нивниот број бил доста голем,така што до средината на XVI век во Скопје се регистрирани осум анови и шест каравансараи или вкупно четиринаесет објекти за сместување *(Сулу ан – стар ан на Исхак Бег,  Капан ан, Куршумли ан, каравансарај на Капаџи – Баши Синан, Ќурчиски ан, Нов ан на Исхак Бег, анот на Даут паша, два каравансараи на Мустафа Паша каравансарајот на Карли Заде, анот на Јахја Паша, каравансарајот на Кукли Бег, каравансарај на Рустем Паша и анот на Бајрам Паша).* Некои од овие  анови приспособени на новото време имале и свои егзотични имања: Табакли ан (кожарски), Ќурчи ан, Пиринч ан, Бојали ан, Дев ан, Џамли ан и сл.

Додека, Евлија Челеби во 1660 година, покрај Куршуми ан, Сули ан, ги споменува и Мехмед агин ан, Јаја пашин ан и Исак бегов ан.

Заради својата местоположба, Скопје отсекогаш бил град на каравансараи, многу анови, меани и кафеани, а покасно на хотели и ресторани.

Град Скопје, во текот на Османлискиот период бил познат и по големиот број на меани, а покасно и крчми и кафеани. Така, според еден податок, во 1869 година во Скопје имало 44 меани.

Во периодот на крајот на XIX век и почетокот на XX век позанати кафеани во Скопје биле: „Кафе Беледија“, „Адо-кафе“, „Турати“, ресторан „Зрински“ (1912), кафеана „Марѓер“, „Англегер“, Парк и модерна кафеана - ресторан „Ислахане (Кермез)“, „Тутанкамон“ и други. Во нив се одржувале и свечени приеми, свадби и пречеци се проектирале филмови, а настапувале и артисти и циркусанти. Кафеаната „Турати“ била позната како свртaлиште на конзулатите, на високото чиновништво, на угледните и богати граѓани.

Меѓу првите ресторани во Скопје е ресторанот „Зрински“ изграден во 1912 година. Тој имал најголем и најмодерна сала каде што доаѓале отмени гости, а во кој се нудела домашна и странска кујна со разновидни пијалаци. Во салата можеле да се сместат околу 400 гости. Истата година отворена е и кафеаната „Марѓер“.



**Слика 24:** Парк „Ислахана“ со летната бавка на кафеаната

Најстари и најпознати **каравансараи** биле „Сули ан“, „Капан ан“ и „Куршумли ан“. Но, кон крајот на XVII и почетокот на XVIII век, ваквите сараи веќе ја немаат некогашната улога и функција. Во тоа време, а особено на почетокот и во средината на XIX век никнуваат нови анови, приспособени на духот и на потребите на новото време.

Максималниот број на анови во Скопје достигнал до 22 и тоа: 6 каравансараи - каравансарај на Капаџи – Баши Синан, два каравансараи на Мустафа паша, каравансарајот на Карли Заде, каравансарајот на Кукли бег и каравансарај на Рустем паша, додека пак анови биле – Сули ан, Капан ан, Куршумли ан, Ќурчиски ан, Нов ан, Даут пашин ан, Јаxја пашин ан, Бајрам пашин ан, Табакли ан (кожарски), Нов Ќурчи ан, Пиринч ан, Бојали ан, Дев ан, Џамли ан, Јанчев ан и Фенери ан.

Најголемите и напознатите анови биле на периферијата на градот. Такви анови биле Калановскиот ан (Турците го нарекувале Каплан ан, односно тигар), Оризарските анови кои претставувале цел комплекс од зданија, потоа анот Семениште

кај селото Сарај, па Големиот или Сопишкиот ан кај село Сопиште, анот во Ибраимово во село Ибраимово (денешен Петровец)

**Сули ан** е изграден во првата половина на XV век. Негов ктитор бил Исак бег. Името Сули (sulu) воден го добива подоцна по водата т.е. реката Серава која течела покрај него. Некои патописци овој објект го именувале и како карвансарај на Исхак бег. Изграден е од камен и тула со приземје (*кое служело за чување на стоката*) и еден кат (*за пренокување на патниците и трговците*) со масивни ѕидови и сводови, и зафаќа површина од 2.101 $м^2$. Сули ан бил градски ан кој првенствено служел за сместување и престој на патниците и трговците со нивните каравани. Во приземјете имало 27 простории, а на катот 30 простории, а исто така и над двата влеза во анот имало уште по една просторија. Секоја соба во анот имала оџак, а покрај него, или пак на страничните ѕидови имало по една соба или две ниши кои на патниците им служеле за поставување на нивните предмети т.е. багаж. Просториите во приземјето се осветлувале низ прозорците кои биле поставени во ѕидот кон дворот.

Шталата на Сули ан се наоѓала на северната страна од објектот. Таа била многу голема со пет до седум масивни столбови од камен и поделена на два дела по должина. Покрај ѕидовите од двете страни имало камени возвишенија кои служеле за хранење на добитокот.

Анот, заедно со дуќаните околу него, правеле комплекс во Чаршијата.





**Слика 25 и 26**: Сули Ан, денес - надворешен и внатрешен изглед




**Цртеж 15**: Пресек на Сули ан




**Слика 27 и 28**: Капан Ан, надворешен и внатрешен изглед

**Капан ан**, името го добил од арапскиот збор „капан“ – кантар, кој служел за мерење на стоката. Изграден е во втората половина на XV век (1472 г.-, по наредба на Иса Бег. Објектот претставува правоаголна градба со приземје и кат, целосно затворен со квадратен двор во внатрешноста и со вкупна површина од 1.066 м$^2$. Во долниот дел на Капан ан биле сместени дуќани на сирењари и кашкавалџии, а на горниот кат кафеани и 44 соби за издавање, преноќишта на патниците и трговците со нивните каравани. Собите биле распределени на приземјето и катот, од сите четири страни. Анот бил опкружен со дуќани од чаршијата, а пред него имало и чешма. Долго време Капан ан бил познат како Иса-бегов каравансарај.

**Куршумли ан** е изграден во првата половина на XIV век како мало здание. Во 1550 година бил доѕидан и приспособен за караван – сарај, по угледот на слични такви анови градени на

истокот. Куршумли ан од своето постоење ја менувал својата функција, отпрвин бил ан се до 1787 година, кога бил претворен во затвор. И само во 1898 година низ ќелиите на овој ан-затовр поминале 578 македонски револуционери. Од 1904 до 1912 година служел повторно како ан. Во тој период анот располагал со 28 соби на кат што служеле за сместување на патниците и со простории во приземјето каде што била сместувана стоката. Во другиот дел, што имал и посебен влез, бил сместуван товарниот добиток. Во 1924 година анот бил претворен во лапидариум и, како таков останал се до земјотресот, кој го разурна.

Но, кон крајот на XVII и почетокот на XVIII век ваквите сараи веќе ја немале некогашната улога и функција. Во тоа време, а особено на почетокот и во средината на XIX век никнуваат нови анови приспособени во духот на потребите на новото време. Тие анови, од кои повеќето денес не постојат, а со самите свои егзотични имиња зборуваат за историјата на градот, се: Табакли ан (кожарски), Ќурчин ан, Пиринач ан, Бојали ан, Дев ан, Џамли ан, Јанчев ан, фенери ан, Маврово и други.




**Слика 29 и 30**: Куршумли ан, надворешен и внатрешен изглед



**Слика 31**: Куршумли ан






**Слика 32 и 33**: Пресек на Куршумли ан и фотографија снимена од воздух

Најголемите и најпознатите анови биле на периферијата на градот, а тоа не е случајно. Еден од најголемите бил Катлановскиот ан (некаде се нарекува и Каплан ан бидејќи Турците го нарекувале Катланово – Каплан, односно тигар). Оризарските анови претставувале цел комплекс од зданија, потоа анот Семениште кај селото Сарај. Големиот или Сопишкиот ан кај селото Сопиште и анот во Ибраимово (денешен Петровец).

Зошто ановите биле на крајот од градот постои и посебна приказна. Имено, со поголемиот развој на трговијата се јавувале вооружени банди кои ги пљачкале трговците и кираџиите (посебно биле напаѓани и пљачкани од арнаутски банди - разбојници). Било многу опасно ноќе, со скапоцен товар да се патува низ градот. Затоа трговците со својата стока и придружба, во квечерините, отседнувале во некој ан на периферијата, за во утринските часови да влезат во градот. И обратно, ако излегувале од Скопје, тргнувале во попладневните часови, ја преспивале ноќта во некој од ановите на периферијата, за утредента да го продолжат патот.

## ОХРИД

(3 каравансараи, 31 анови и меани - кафеани)

Во 1660 година во Охрид биле регистрирани седум анови, а три од нив биле со меани. Додека пак ,Евлија Челебија во Охрид наоѓа три прекрасни ана и три бесплатни каравансараи. Најубавиот каравансарај е на малиот трг (Ќучук пазар) во дебела ладовина со 40 огништа. Бранислав Нушиќ, во 1892 година регистрирал 31 анови и меани.

**БИТОЛА**

(1 каравансарај, 50 анови, 44 меани, крчми, кафеани, гостилници и ресторани)

Првите анови во Битола биле регистрирани во Битолските сиџили во XV век. Се споменува **Сунгур Чауш бегов ан**, подигнат во 1435 година. Сунгур Чауш бег бил големиот добротвор за Битола од христијански род.

Патописецот Иван Каваза во 1591 г. забележал дека во Битола има *„***каравансарај** *кој е добар за коњите, но е неудобен за луѓето“*.

Евлија Челебија за Битолските анови кои ги има повеќе, забележал дека по ановите се пее, се игра и се јаде до зори. Забележал и дека имало согри со печено јагне, бирјан, капама, риба и разно овошје донесено од сите страни на светот.

Според еден податок, во 1827 година бројот на анови во градот Битола бил 17, имала 44 меанџии (24 меани во периферијата), 35 симитчии, 30 воденичари, 17 анџии, 17 ахтари, 15 кафеџии, 11 алваџии, 11 кадаифчии, 10 бозаџии, 8 бурегџии, 6 леблебиџии, 4 ашчии. *Занаети во врска со исхрана и ноќевање*,... **анџилакот** беше особено развиен. Истиот е наследен занает. Во 1856 година се споменуваат 22 анџии, а еснафот броел 40 лица.

**Патописот на Јозеф Милер од 1843 г.** „...во Битола има **многу приватни анови**, кои фигурираат како деловни агенции за трговците на големо...“

**Патописот на Едвард Лир од 1848 година** *„...Битола има не помалку од 40 до 50 илјади жители...Отидовме во најголемиот и најубавиот ан на Битола,* ***„Јени ан“*** *– пространа зграда, со двор од трите страни, полн со грчки трговци во сини туники или Албанци во бели мантили и натоварени коњи. За среќа добив соба од каде се гледаше оваа жива глетка. Овде мислев да останам два дена, бидејќи немаше можност да видам поубаво место. Една чиста, бело обоена соба со стаклени прозорци и нови душеци го правеа целиот луксуз на оваа метропола“.*

Според официјалната турска статистика од **1876 година** во битолската чаршија имало: 1650 дуќани, 150 магази (чисто трговски дуќани), а на целокупната територија на градот **50 анови**, 37 воденици, 93 фурни, 10 кафеани, 5 керамиџилници, 3 магазини за облека, 25 меани, 1 пошта, 15 аптеки, 15 складишта за петролеум, додека фабрики нема.



**Цртеж 16:** Литографски цртеж на Битола од 1878 година, панорама на Битола, река Драгор, камен мост, дуќани, џамија Исак Челеби, и еден голем ан

Според **патописот на непознат автор, од 1883 година**, Битола имала 45.000 жители, повеќе добри крчми и околу 40 анови.

До појавата на хотелите ановите биле единствените каде човек можел да се смести. Ановите имале стандардизирани градби, кои се состоеле од простории за престој на гостите, широк двор со аури и штали за влечниот и другиот добиток, односно, како што пишуваа Белег Де Буга, (француски конзул во Битола во 1856 година), наведува дека во Битола имало 22 дуќани - анови. Според него во ановите биле *„пространи зданија составени од штали на приземјето и соби, сали и галерии без мебел на горните спратови. Секој патник доаѓа со сопствена постела, килими и предмети за лична употреба што ги користи при патувањето. Анџиите обезбедуваат храна за коњите, а понекогаш и за луѓето. Тие најчесто се и производители на вино и ракија и вообичаено заработуваат многу добро“.* Според неговиот извештај во Битола имало *„...еснаф на анџии со 40 на број... во градот се уште не постојат европски пренокишта и потребата од нив почнува да се чувствува“.*

Во Битола, скоро секое поголемо околно село и скоро секој поблизок град имале свои анови. Во текот на XIX век Битола

постепено го зголемувала својот стопански подем а со тоа постојано се зголемувал и бројот на анови. Во пишаната меморија на Битола регистриани се поголем број анови, и истите според имињата се поделени во три групи: прва група според местото од каде доаѓале патниците, втора спроед стоката што се носела и трета група според разни имиња. Бидејќи се именувале според припадноста на посетителите, имињата им биле: „Тирански ан“, „Елбасански ан“, „Корчански ан“ (бил како мал хотел имал 40 легла), „Дебарски ан“, „Кичевски ан“, „Прилепски ан“, „Велушки ан“, два „Буковски ана“, „Диовски ан“, „Цапарски ан“, „Ѓаватски ан“, „Гопешки ан“, „Драгошки ан“,„Преспански ан или уште познат како „Преспанско Езеро“, „Смилевски ан“, „Суводолски ан“, „Бачки ан“, „Раковски ан“ и др. Именувањето се вршело и според стоката што се носела, па ќе ги сретнеме како „Пипер ан“, „Мисир ан“, но срекаваме и анови со други имиња како на пример „Мирахор ан“ или „Валијски ан“, „Девеане“, „Јени ан“, „Шадрван ан“, „Ингилиз ан“, „Црна Река“, „Чипур ан“, „Филаделфија ан“, „Здравески ан“, „Ан Колимагаре“ и др.

Кон крајот на XIX век, во Битолската околија имало 146 ана, од кои во Битола 14 ана. Најголем број од ановите биле лоцирани околу чаршијата, но ги имало и покрај реката Драгор и околу градскиот часовник. Додека пак, во 1910 година во Битола имало дури 109 анови, бројка која вчудоневидува.

За отварање на гостилница во Битола дознаваме од патописот на **Спиридон Гопчевиќ** во **1890 г.** *„...на крајот дојдовме во главната улица, каде беше австрискиот конзулат. Пред него застанавме, да го запрашаме консулот, каде е најдобриот ан...кавазот одговори дека овде има само една* ***гостилница „Локанда“****.*



**Слика 34**: Два големи ана во Битола, чаршија Дрвен Пазар, подоцна Овчи Пазар



**Слики 35**: Дуќани, анови и хотели покрај река Драгор




**Слика 36:** Кафеана во Битола (Монастир), пиење чај, кафе и играње табла




**Слика 37**: Излетничко место и кафеана „Каваци“ - Тополите, Битола, 1906 г.



**Слика 38 и 39:** „Дембел Чаршија“ - позната по многубројните кафеани покрај р. Драгор

**Патописот на Виктор Берар од 1891 година** - за ановите во Битола забележал *„Но Монастир е град на можности. Францускиот јазик овде многу се зборува. Наспроти нас, се гледа* ***хотелот „Ориент“****, со* ***ресторанот „Ајфелова кула“****. Хотелот и ресторанот беа полни. Набргу се развеселивме.*
*Но ние треба да се задоволиме со обичен ан, една голема турска гостилница, со ѕидови од земја и со дрвени ходници. Внатре имаше четири фасади на три ката и три ходници кои го опкружуваат четвртестиот двор. Во дворот имаше ѓубре, араби и бари од вода; група од Турци и Албанци и Словени постојано зборуваа и пушеа. Сто или сто и педесет коњи ´ржеа или се бореа во шталите кои беа отворени на приземјето. Катовите се поделени на ќелии кон ходниците. Така, секој гостин има своја соба, но секоја е оградена со рогозина и секоја води кон ходниците; едни се наоѓаат во други, се занимаваат со своите работи или се мијат...И дење и ноќе, во анот врие од разговори; кокошки, искачени на буништа, врели кафиња, печено месо, кавали, гитари со три жици, луѓе кои пеат пред огништето, пред чашка ракија или пред лубеница. Кај пумпата, пред бунарот, берберите ги отвориле своите берберници надвор и ги бричат со истите бричови и образите на христијаните како и главите на муслиманите. Тоа претставува турскиот живот во своето безредие, ниту час, ниту место за некаква потреба. Сè се прави секогаш и секаде, или е неможно нешто да се направи. Берберот ги бричи своите муштерии во водата која ја пијат сите. Гнасната миризба на печеното месо лебди насекаде...“*

Познати кафеани во Битола од крајот на XIX век до крајот на Првата светска војна биле: кафеана – ресторан „Ајфелова

Кула или „Ајфел“ во хотелот „Ориент“, гостилница „Локанда“, кафеани - гостилници во хотелите „Шарк“, „Београд“, „Синтагма“, „Европа“ – имал и коцкарница, кафеана со билјард сала, музика и со летна бавча „Ројал“, ресторан „Београд“, кафана „Итаат“, кафана „Терпси“, кафеана „Париз“ – покрај река Драгор, кафеана „Кај Акиф“ - покрај река Драгор, кафеана „Кај Брдарот“, лоцирана на Ат Пазар, кафеана „Бела Чешма“, кафеана „Чекутка“ кај горното сретсело кај Гинимаале, кафеана „Гургур Чешма“ – на патот Битола - Поешево, кафеана „Кај Зариевци“ лоцирана на малата тепсија на Баирот, кафеана „Каваци“ – покрај река Драгор кај месноста „Каваци“ (Тополи), кафеана на железничка станица, потоа во популарно наредената. „Дембел Чарпија“ – покрај река Драгор се споменуваат четирите кафеани именувани со заедничко има „Пред Ановите“, како и другите кафееани „Еврејска“, „Трговска“, „Турска кафеана“ – кај Градскиот часовник и други.

Од бројот на селски анови, ќе го наведиме примерот со село Кажани, на патот Битола-Ресен кое во турскиот период селото било важно за живиот карвански сообраќај помеѓу Битола и Драч. Во прво веме во селото **Кажани** имало голем ан, за непосредно во 1912 година да има 7 анови и 3 пекари.

**ШТИП**

(1 каравансарај, 47 анови, 1 кафеана)

Во патописот на Хаџи Калфа Мустафа од околу 1650 година, забележал дека во Иштип (Штип) има голем караван – сарај. Додека пак, во 1661 година, турскиот патописец Евлија Челебија запишал дека во Штип имало еден двокатен караван сарај со по 50 соби на кат и седум анови. Евлија Челебија запишал дека ноќевањето во Караван сарајот било бесплатно. Караван сарајот била единствена импозантна градба ѕидана како тврдина, а покриена е со олово. Во приземјето има 50 соби, а исто така има 50 соби на катот. Над големиот базен во просторниот двор, во средината на караван сарајот, се наоѓа еден висок месџид. Шталата на овој каравансарај може да прими илјада камили, коњи и магариња. Таа градба предизвикува восхит, а задужбина е на Кучук Емир – Султан. Некои велат дека е задужбина на Бујук Емир.

Во градот имало седум анови од кои најпознати биле „Синан-Бегов Ан“, „Кара-Кадини Ан“, „Чумулџи Заде Ан“. Другите анови биле: „Кучук-Емир-Ан“, „Елмазов-Ан“, „Аликиов Ан“, „Анлар-Илинде-Ан“ и „Пиринчан-Ан“.

Во 1883 година во Штип биле изградени 12 анови и една кафеана и биле обновени околу 32 анови. Во некои од нив имало и чешми. Од крајот на XIX век до 1912 година во Штип постоле вкупно **47 анови** за пренoќевање на трговците и пазарџиите кои доаѓале по роба во градот. Од нив попознати биле: Пирини ан (Пиринча ан, Карван сарај), Аќифаа ан и Мамудов ан биле сите на едно место, заедно, Тошански ан, кој исто така имал простории за прифаќање на камили, Зоев ан (Завоев), Аџипецов ан, Дуков ан, Данов ан, Горица ан, Миладински ан, Терански ан, Аџикостадинов ан, во него се собирале Турците на кафе. Овде свиреле чалгиските тајфи во време на сунет или свадба. Веселбите траеле по три дена. Анови имало и по селата, во Овче Поле и во селото Таринци.

Во 1912 година во Штип покрај 47 анови имало и еден хотел.

**КУМАНОВО**

(33 анови)

Претходница на денешните современи угостителски објекти, на хотелите, биле ановите. Ги имало не само во Куманово, туку и во селата. Најстариот ан во Куманово според некои податоци, се споменува во 1792 година.

Кон крајот на XIX и во првите две децении на XX век, во Куманово имало 33 анови. Меѓу најпознатите анови во тоа време бил Ќурчи ан, Бајковскиот ан, анот на Џартови и анот на семејството Соларски. Мошне ценет бил и Карабаџаковиот ан. Во овие анови можело да се добие храна, чај, кафе, наргила со тутун и други услуги за посетителите. Историјата бележи дека неколку анови во Куманово егзистирале се до завршувањето на Втората светска војна.

**ДОЈРАН**

(30 анови, 24 кафеани и 2 ресторани)

Во легендарниот крајезерски град Дојран било развиено угостителството како стопанска гранка па така за време на османскиот период во Дојранскиот регион имало околу 30 анови за престој на патниците (трговците и кираџиите), како и на карваните. Попознати биле ановите на семејствата: Цилеви, Текелиеви, Шарланџиеви, Захови, Махалакеви, Стојкови, Катранџиеви, Манастирчеви, Андонови, Прочкови, Патриотови, Морарцалиеви, Ратишлиеви и други. Кон крајот на турското владеење на овие простори, во крајезерскиот град анови имале

и три турски семејства, во кои претежно престојувале турски трговци или други патници од турска националност. Од нив попознат бил Хаџи-Алиевиот ан.

Оваа фаза започнува кон крајот на XIX век, кога градот Дојран имал околу 10.000 жители, и располагал со над 300 трговски дуќани и работилници. Тогаш во Дојран имало 25 кафеани лоцирани во разни делови на градот, од кои повеќето беа лоцирани на езерскиот брег, потоа 3 хотели, 30 анови, околу 50 јавни чешми и неколку индустриски објекти.

Слични податоци се регистрирани и непосредно пред Балканските војни (1912-1913), 3 хотели, добро опремени за тогашни прилики и 14 кафеани, кои биле покрај брегот, со чардаци до самото езеро.

Во почетокот на XX век, дворните места на ановите веќе се употребувале за сместување на добитокот на пазарџиите дојдени од други места на пазар во Дојран. Од многубројните камили во тоа време биле останати само 15-50, кои служеле за пренесување на стоки во Струмица, Пехчево, Штип, Овчеполието, Куманово и обратно, а само два од старите анови работеле активно за сместување на патници од страна.

Од кафеаните и акчилиниците познати биле: Џиновот кафене крај Дојранското Езеро, сопственост на Ѓорѓи Д, Џинов; Џековото кафене, сопственост на Ѓорѓи Џеков-Џорџето, лоцирано лево од улицата што води кон „скелето“ (рибарското пристаниште); Иљковото кафене, сопственост на Илија Тасев-Иљката, лоцирано на главната улица а подоцна претворено во трговски дуќан (во иљковото кафене имало и музика со пејачка, што значи дека во гратчето буел ноќниот живот);Толевото кафене, сопственост на Вано Стефанов, татко на Тодор (Толе) кафеанџијата, кое било лоцирано среде гратчето, во строгиот центар, на источната страна од главната улица, низ која минува и патот Стар Дојран-Струмица. Овој репрезентативен угостителски објект бил најпосетен од љубителите на алкохолни и безалкохолни пијалаци, а се користел и за приредување игранки (за младинците) и за театарски претстави. Објектот и сега постои, но има друга намена. Потоа следува Дајлиевото кафене, сопственост на Мито Т. Дајлиев (подоцна адаптирано во куќа), кое исто така се наоѓало во строгиот центар на гратчето во непосредна близина на Толевото и Иљковото кафене. Неговиот газда нешто подоцна прв во градот набавил радио апарат и го поставил во кафеаната со што привлекувал многу гости. Ќе ја спомeнеме и Тентовата акчилница, сопственост на Алекса

Тентов која била сместена десетина метри северно од Толевото кафене и во неа се продавале млечни производи и др. Талјаково (Басмаџиевото со летна бавча), Талјаковото (Басмаџиевото, со летна бавча), Карауланово (со бавча), Христо Шекерџиевото (со бавча), Менкиното (со бавча), Мито Кировото (Кирил Митов Кироичов, со бавча), Демерџиевото (со бавча и тераса), Стамболиевото, сопственост на богатиот Ристо Стамболиев, Ешменовото (подоцна Дели – Глигорово), Попкостовото (сопственост на Кулиш Попкостов, со тераса), кое беше голем угостителски објект, со бифе кој повеќе личеше на ресторан, Матковото (со простор крај Езерото), Шоповиот ресторан (со простор крај Езерото, сопственост на Ристо Шопов, со хотелски соби на катот од куќата, во кои се влегуваше од кај терасата). **Шоповиот хотел - ресторан** беше еден од најмодерните угостителски објекти на дојранскиот брег, опремен со мермерни маси и со убави столови за честите и многубројни гости - видни граѓани на Дојран, како и видни гости од други краишта. Во Шоповиот ресторан редовно се готвеа јадења (појадок, ручек и вечера), Но, убави беа и угостителските објекти на Петар Демерџиев и на Кулиш Попкостов, секогаш добро уредени и подготвени за гостите.

Меѓу најстарите кафеани изградени во Стар Дојран е и кафеанта „Фук-Так“, отворена во 1884 година.

**ПРИЛЕП**

(26 анови, 2 меани)

Првиот ан во Прилеп е изграден во 1661 година. Според историските податоци анот кој се викал „Куршумли-ан“ бил изграден од Турците при доаѓањето на Балканот, затоа што Прилеп тогаш бил познат економски центар. Трговците со карвани и придружба доаѓале и ноќевале во анот. Во придружните простории имало и соби за сместување и прехрана на коњи и друг добиток. Запишано е дека портата на анот била голема за да може да влезат и камили. Едно од преданијата вели дека покривот на анот бил оловен и затоа Турците го нарекле Куршумли-ан. Во XVI век се споменуваат две меани.

Во Прилеп ановите, главно, биле сконцентрирани околу Ат-пазар, меѓу Дабничка Река, участакот, денешниот дом на културата „Марко Цепенков“, па се до старата пошта. Тука биле ановите на Димко Грабулот, Боцевчињата, Заревци, Солуновци, Плетварци и на Стevананџиовци. Анџиите во Прилеп биле организирани во еснафски еснаф, формриан во 1866 година.



**Слика 40 и 41**: Прилепски приземен ан и еднокатен ан

Во 1875 година во Прилеп имало 26 анови. Еден таков ан имало семејството Стевананџиовци во центарот на Прилеп, кој бил именуван „Шар Планина". Бил најголем, најмодерен и најубав зошто бил граден од камен. Во состав на анот имало гостилница. Во овој ан можеле да ноќеваат 40 гости, анот бил со капацитет да прими околу 200 патници, а во дворот можело да се збринат стотина грла добиток и шеесетина запрежни коли. Сопственикот на анот Стефан Стефанџија во 1860 година го купил од некој Турчин, а тогаш анот се викал Турски ан. Овој ан постоел се до 1971 година и бил урнат од страна на државата бидејќи беше пред распаѓање, а и давал лош изглед на улицата.

Овде ќе го посочиме примерот со анови во близина на Прилеп, односно во село **Плетвар** кое во 1912 година имало 8 анови. Седум анови ги држеле поодделни селани, а еден ан држел Коста, Влав од Крушево. Ановите ги носеле имињата на сопствениците – Соколовски, Дуковски, Богоевски, Крнчевски итн. Од 1912 до 1920 година со воведувањето на новите современи сообраќајни средства, сите анови се затворени.

**ВЕЛЕС**

(13 анови, 25 гостилници, 24 кафеани, 1 меана и 7 пастрмајџилници)

Првите податоци за анови и акчилници во Велес ги дал познатиот турски патописец Евлија Челеби (Челебија) во 1661 година, кој поминал и се задржал неколку дена во Велес. Градот имал голем и добро снабден пазар, педесетина дуќани и два ана. Во XVI век се споменува и 1 меана.

Во 1669 година англичанецот Едвард Браун, патописец, минувајќи низ Велес запишал дека го напушта градот бидејќи избил голем пожар во кој изгорел и анот во кој тој престојувал. Дали се работи за истиот ан кој осум години порано го споменува

Челеби не се знае, бидејќи во некои списи од 1665 година се споменуваат два анови, на двете страни на реката по еден.

Во пописот од 1866 година се вели дека во градот Велес имало 25 гостилници и анови, 20 кафеани и 7 пастрмајџилници. Во 1901 година се споменува дека во Велес имало 24 кафеани, 4 големи анови и три помали.



**Слика 42**: Стариот ан, на пазарот во Велес, почеток на XX век

Во Велес повеќе анови биле лоцирани на двете страни од реката Вардар. На десната страна од Вардар се наоѓале следниве анови: Прилепски, Битолски, Котевски, Бекшан и Крепиевски ан. На левата страна од реката Вардар се наоѓале: Пекмез-пазарски ан, Овчеполски, Вакавски, Унчов, Даскалов, Нов ан, Чивчи-Ристов и Пошта ан. Ановите од левата страна на Вардар се наоѓале покрај житниот пазар и патот и биле толку големи што можеле да примат и по 500 коњи.

**РАДОВИШ**

(12 анови, 7 гостилници и 2 крчми)

Во 1662 година во Радовиш постоеле три анови и две крчми, додека веќе во 1879 година имало дванаесет анови и седум гостилници. Ова го забележал австроунгарскиот полковник Оскар Мелуер.

**СТРУМИЦА**

(1 каравансарај, 7 анови и 33 кафеани)

На релацијата Радовиш-Струмица, анови имало на 6 километри од Радовиш кај некогашниот Нов Чифлик и пред Струмица, во селото Василево.

Според Евлија Челебија во Струмица имало 7 трговски ана. Во периодот од 1894 -1895 година во Струмица постоеле пет анови, од кои најголем бил „Таш-Ан“ (камен), кој располагал со три големи штали, една куќа, една кафеана, еден дуќан и пет соби. Постоел и друг ан на кој името не му се споменува, а имал три штали, две соби и пет дуќани. Во 1913 година го запалила грчката војска. Струмица имала каравансарај во кој бесплатно преноќевале патници и намерници. Во него имало шест беќарски соби. Во нив се сместувале просветни гости и занаетчии од други земји. Во 1913 година во Струмица постоеле 33 кафеани.

**НЕГОТИНО**

(5 анови, 1 меана)

Стопанскиот и трговскиот подем во Неготино го забележал и австрискиот патописец Јохан Хан, кој во периодот од 1853 до 1863 година поминал и кратко престојувал во ова место. Тој по налог на Виенската академија на науките тргнал од Белград за Солун со задача да го испита теренот за изградба на железничка пруга од Белград до Солун, за што Австрија била многу заинтересирана.

Во Неготино, првиот угостителски објект е отворен во 1854 година и бил наречен „Емшова Меана“. Најстариот ан во Неготино бил лоциран во Безистенот во центарот на градот, кој постоел во 1865 година. Покрај овој ан постоеле уште четири: „Камиларски ан“ на Хаџи Арссови, на патот Неготино-Село Тимјаник се наоѓал „Емшовиот ан“, „Дастанов ан“, а еден од најголемите анови бил анот на крушевчанецот, „Танчев Ан“. Овој ан имал на катот и соби за ноќевање.

На пет километри источно од Неготино се наоѓа селото Криволак, кое за тогашно време приликувало на приградска населба. Во ова село имало седум анови, од кои пет во селото и два на железничката станица и една меана. Овие анови биле од големо значење за трговците. Стоката од Солун која пристигнувала на железничката станица, тука трговците ја пречекувале и ја разнесувале по другите градови. Интересно е да споменеме дека со изградбата на железничката пруга Скопје-Солун во 1873 година и со изградбата на железничкиот мост на реката Вардар во 1910 година, селото Криволак било раскрсница помеѓу Источна и Западна Македонија. Од Криволак преку

Драгоево, Штип, Кочани и од Криволак, Неготино, Кавадарци, Прилеп, Битола, Охрид, овој пат ги поврзува Источна и Западна Македонија.

**ВАЛАНДОВО**

(4 ана)

Паралелно со развојот на земјоделството и стопанството, во текот на XIX век, се развива и занаетчиството, како и трговијата и транспортот. Угостителството било застапено преку меаните, ановите со преноќишта и гостилниците.

За одмор на трговците, кираџиите и арабаџиите кои патувале од Солун, преку Дојран и Валандовското подрачје, за Струмица, Конче (и Радовиш), Штип, Пехчево за Софија (Бугарија) или за Овче Поле и Куманово, по Моравската долина за Србија, на бреговите на реката Бојмица (Козлу Дере) биле изградени анови за преноќевање на трговците и занаетчиите (кираџиите) и на карванот од камили, коњи и маски. Околу ановите имало и занаетчиски работилници за потковување на добитокот и сл., како и анџии и меанџии. Валандово уште тогаш било трговско гратче, со 50-60 трговски дуќани и занаетчиски работилници во централсното градско подрачје.

На релација Дојран - Струмица, преку подрачјето на Валандовската нахија, имало изградено и анови (Фурски Аништа и анови на бреговите на Анска Река). По ановите, реката Бојмица (Козлу Дере) била наречена Анска Река. Во текот на XVII век биле изградени два ана во Валандово, лоцирани во централното градско подрачје, а покасно во почетокот на XX век во градот имало четири ана.

**КРАТОВО**

(3 ана, 16 меани, 2 кафеани)

Во Кратово во 1876 година имало три ана и 16 меани.

Во Кратово постоел ан кој бил сместен во центарот на градот и се викал Сисперов ан. Меѓу попознатите кафеани во Кратово биле Тасевата кафеана и кафеана „Балкан“. Познати биле и куќите за преноќевање на Димко Цревар, куќата на Димче Бидиков, Манговата куќа, Соколовата куќа, куќата на Јован Мерак итн.

Патот што се двоел од кривопаланечкиот пат кон Кратово и Кочани бил од локално значење и помалку прометен, но сепак и крај него имало изградено анови. Така, на раскрсницата кај што се влева Кратовска Река во Крива Река се наоѓале два ана. На

патот Страцин-Кратово постоел ан кај селото Талашманци. На неколку километри пред Кратово постоел ан кој се викал Аџиски ан.

**СВЕТИ НИКОЛЕ**

(3 ана, 1 меана и 1 кафеана)

Познати анови во Свети Николе биле: анот на Доне Гилев, анот на Сане Калев кој во приземјето имал меана и анот со кафеана на Михалчо Костов.

**ГЕВГЕЛИЈА**

(3 ана, 2 кафеани)

Од десната страна на реката Вардар, кај Гевгелија, постоеле три ана. Почнувајќи од 1886 година, кога Гевгелија е прогласена за градска населба, почнува и угостителската дејност, бидејќи во тој период се градат и првите кафеани и објекти за сместување на патниците. Првата кафеана во Гевгелија е отворена во 1912 година, - кафеаната „Дул“. Сопственик бил Марко Санов. Кафаната работела до првата година од национализацијата во државата, до 1948 година. Втора кафана била Баравцалиева кафеана, чии сопственик бил Јован Баравцалиев. Во состав на оваа кафеана постоел и конак. Оваа кафеана била изградена во 1912 година. Веднаш до оваа кафеана постоела кафеаната на Борис Сеизов познат во градот како Јанчич под името „Дажич“ кој имал двоспратен конак.

**БОГДАНЦИ**

Во Богданци немало анови во минатото затоа што бил далеку од карванскиот пат (на страна). Најстарата кафеана била изградена пред Балканските војни и се викала „Колумбо“. Ја отворил богданчанскиот печалбар во Америка, па поради тоа и го дал и името Колумбо. Најпознати кафеани во Богданци биле „Минева“, „Стара Кафеана“, „Газда Ѓорѓи“, „Газда Стефан“, „Подарова“, „Арнаудова“, „Шимова„ и „Матине“.

На патот Богданци - Гевгелија, во близина на селото **Стојаково** во 1864 година семејството Хаџиеви изградиле голем ан. Вториот по големина ан во Стојаково бил изграден во шеесеттите години од XIX век од сопственикот Кузмановиќ (подоцна наречени Узунови). Османлиите овој ан го нарекле „Меркез-Ханлери“, кој имал три одделенија, едно за стоката, друго за преноќевање на трговците, а третиот дел бил трпезарија со фурна за печење леб и јадења. Во самото село

Стојаково имало две - три кафеани во кои воглавно се пиело ракија, вино, кафе и чај.

**КАВАДАРЦИ**

(2 ана)

Во 1664 година во Кавадарци имало два ана, од кои едниот, наречен „Еленов ан“ и бил трговски ан.

**КИЧЕВО**

(2 ана)

Во Кичево постоеле два ана. Ан на Ташко Бегоски од с. Велмевци. Од Кичево до Битола анови имало во следните попатни села: Старовец, Доленци, Жван, Сопотница, Мургашево, Мраморица и Драгожани. Од Кичево-Македонски Брод до Прилеп, анови имало во Македонски Брод, Ижишта и Челопек.

**ДЕМИР ХИРСАР**

(2 ана)

Во населбата Демир Хисар постоеле два ана Голем или Горни ан и Долен ан. Додека пак во областа Демир Хисар (Железник) имало десет анови, и тоа: **Голем ан** на местото од денешната Автобуска станица во градот Демир Хисар, **Долен ан** – анот на „Труман“ во Мургашево, **Белички ан** или Стари ан**, Сладуевачки ан, Сопотнички ан, два Жвански ана, Доленски и Велмешки ан.** Пред да се навлези во областа се наоѓал **Мраморички ан**, на Насте Огненовски (кој, според Трајко Огненовски, внук на Насте имал пондила за сместување на коњи и волови со плевна и стогови, но имал и кујна, трпезарија и три соби за ноќевање), а претходно бил Лопатички ан и Лисојалски ан или Ан кај месноста Бели Мост – познат и како Темелковски ан. Последните два ана припаѓаат во битолско.

**ДЕМИР КАПИЈА**

(2 ана и 1 кафеана)

Градот имал и има многу важна географско-сообраќајна поврзаност. Познато е дека по долината на реката Вардар отпорано минувал значајниот „Вардарски пат“, кој од Солун и Пела на југ минувал низ клисурата Демир Капија и ги поврзувал на север градовите Неготино, Стоби, Велес и Скопје.

За потребите на патниците пред Првата светска војна, кај железничката станица Демир Капија имало два ана, Горни и Долни. Горниот ан бил изграден многу порано од железницата,

крај стариот Вардарски пат, низ Демир Капија по кој врвеле карвани за Солун.

Првата кафеана во Демир Капија била изградена од една жена кафеанџика по потекло од Италија во 1888 година на железничката станица, а втората кафеана е отворена дури во 1931 година од крушевчанецот Пандо Дагов.

**ГРАДСКО**

(2 ана)

Со започнувањето на изградбата на железничката пруга Градско-Солун, во 1871 година во Градско се изградиле два ана. На патниот правец од Градско до Прилеп биле изградени: „Каменов ан", „Дренов ан", „Фаришки ан", „Раклишки ан" и на Плетвар бил изграден „Топлички ан". Овие анови се споменуваат од патописецот Спиридон Гопчевиќ, кој ја посетил Македонија во 1888 година и одел по истата маршрута на патописецот д-р Хајнрих Барт во 1862 година, опишана во книгата „Пут кроз Европску Турску".

**КРИВА ПАЛАНКА**

(1 голем ан како каравансарај)

Во Крива Паланка бил регистриран еден голем ан како каравансарај кој се викал Бегов-ан, сместен на устието на реката Добровница во Крива Река. Во овој ан во 1888 година преноќевал патописецот Спиридон Гопчевиќ.

**КОЧАНИ**

(1 ан)

Во патописот на Евлија Челебија во 1660 и 1668 година забележал дека во Кочани има еден ан и 15 дуќани. Додека пак куќата на месниот првенец Касим – ага и на неговиот брат, Мехмед – ага се вистински дворци и отворени конаци за патници и намерници.

**ТЕТОВО**

(3 ана и еден со теќе)

Во Тетово, регистрирани се три ана и тоа: „Бело јагне" или „Теарачки ан", „Љупуров ан" и „Даиљов ан". Забележано е дека „Арабати баба теќе" служело и за сместување на патници,значи покрај верска функција имало и функција на ан.

**ГОСТИВАР**

(1 каравансарај)

Во Гостивар во далечната 1659 година постоел карвансарај. На средината помеѓу Гостивар и Тетово имало само еден ан во село Жеровјане.

**СТРУГА**

(1 ан)

Евлија Челебија на своето патување низ Македонија 1662 година ги забележал само градските анови. Во Струга забележал дека има само еден ан.

Од топографска карта од 1900 година, во близина на селата Луково и Нерези, по течението на Црни Дрим во областа Дримкол е забележан еден ан, Ан Мерсин беј.

**РЕСЕН**

(1 ан)

Во 1868 година во Ресен е регистриран еден ан.

**МАКЕДОНСКИ БРОД**

(1 ан)

Забележано е дека во Македонски Брод имало еден ан.

Од прегледот за бројот на анови се гледа дека нивниот број бил голем и тоа 486 анови. Сепак, оваа бројка можеби и не е конечна, односно тешко да се утврди. Од нив, 311 анови биле лоцирани во градовите, а остатокот од 175 биле попатни и селски анови.

За разлика од ановите, бројот на каравансараите бил значително помал. Така, утврдивме дека во текот на вековите на просторот во Република Македонија постоеле четиринаесет каравансараи. Каравансараите најчесто биле лоцирани во градовите или пак во нивна непосредна близина. Од вкупно 14 каравансараи, најмногу 6 биле лоцирани во Скопје, 3 во Охрид, и по еден во Битола, Куманово, Крива Паланка, Штип и Гостивар. (Види: Географска карта 6).




**Карта 6:** Географска разместеност на каравансараите гледано по градови во Република Македонија (од средината на XV век до почетокот на XX век)

## ПРВИ ХОТЕЛИ
*(од 1843 до 1912 година)*

Досега никој потемелно не се зафатил да го утврди почетокот на појавата на првиот или првите хотели во Р. Македонија. Неколку автори (Каранфиловски, Башески, Стојмилов и други) бројот на хотели до 1918 година го утврдиле на 9 угостителски објекти од кои 6 хотели и 3 преноќишта, и оцениле дека во нив имало околу 400 легла. Според нив, таквите капацитети не дозволувале развој на туризмот, зошто тие можеле да служат само за задоволување на најосновните потреби за сместување на патниците на поминување или останување на ден/два.

Нашите истражувања го дуплираа бројот на хотели, па така откривме 18 хотели и 1 ноќевалиште, или вкупно 19 објекти за сместување на гости, кои сликовито и аргументирано ги презентираме подолу. Претпоставуваме дека овие хотели и

ноќевалиштето биле со мал капацитет и сите заедно имале околу 600 легла.

Кон половината на XIX век во Македонија се појавуваат првите хотели[3], прегледот што го преставуваме е резултат на потврдени факти (публикувани документи, книги, фотографии и сл.). Така, во Битола се појавил првиот хотел во 1843 година, и до 1918 година регистираме шест хотели, а во Скопје првиот хотел се појавил во 1870-1873 година, и до 1918 година регистираме три хотели. Сепак, оставаме одредена резерва за бројот на хотели за градовите Битола и Скопје, и цениме дека нивниот број е поголем од 6 односно 3 или за по два/три хотели повеќе. За потврдување на ова, е појавата на имиња на хотелите „Монастир“, „Ројал“, „Америка“, „Констнтинопол“ во Битола, како и споменување на депанданси на хотелот „Турати“ во Скопје, сепак за потврда на оваа потребни ќе бидат нови истражувања.

Исто така, откривме дека први хотели се појавиле и во пет други градски населби, и тоа Дојран (*тогаш градска населба со 10.000 жители*), Велес, Гевгелија, Охрид и Штип. Претпоставуваме дека можна е појава на ноќевалишта (евентуално и на хотел) и во градовите Прилеп, Струмица и Куманово. Ова го темелиме на важната комуникативна функција, но и за ова, ќе треба дополнителни истражувања.

Во натамошниот развиток на угостителството особено значење имаат индустриското производство и сообраќајот, а особено железничкиот, така на трасата Скопје – Гевгелија, првиот хотел се гради во Скопје од 1870-1873 година, нешто покасно извесни ноќевалишта се градат во Гевгелија во 1886 г. (кога во административно – управен поглед Гевгелија добива вистински градски лик со управни згради, конак, воена касарна, калдрмисана главна улица, повеќе двокатни куќи, угостиелски

---

[3] Први хотели се појавуваат во Јапонија уште од 705, 717 и 718 година па натаму. Во Европа први хотели се појавуваат во Германија 1120 година, во Австрија 1126 г., во Англија 1135 г., во Швајцарија 1227 г., во Италија 1300 г. во Франција 1418 година и т.н. Додека пак првите ресторани се појавиле во Австрија 803 година, во Швајцарија 1230 г., во Полска 1273 г., во Франција 1345 година и т.н. Во XVII век во Париз веќе постојат првите подобри хотели, а набрзо потоа и во другите европски земји се градат хотели, па така во XVIII век веќе во сите европски земји постојат хотели. Во Отоманската држава први хотели се појавуваат пред 1800 г. во Истанбул, Бурса, Смирна-Измир, во 1828 година во Солун, во 1843 година во Битола и т.н.

објекти, пазариште и станала седиште на посебна каза – Гевгелиска), во Велес во 1888 г. – ноќевалиште, кој прераснува во хотел, а во Демир Капија во 1888 година се споменува кафеана на железничка станица (која според местоположбата најверојатно имала соба со можност за ноќевање). Во контекст на ова, претпоставуваме дека и на железничката станица во Градско, која била изградена во 1871 година или некоја година покасно, заради нејзината монументност и функција, имала соба/и за ноќевање (Види: слика). Сепак оваа наша претпоставка за Демир Капија и Градско со аргументи не е потврдена.







**Слика 43, 44 и 45**: Железничката станица во Градско

Кон крајот на XIX и почетокот на XX век хотели се појавуваат во Охрид, Дојран, Штип и др., а во помалите градови каде што има услови и потреби, брзо никнуваат анови и угостителски објекти, така што угостителството е во постојан подем.

Бројот на хотели и ноќевалишта што е наведен во табелата, цениме дека не е конечен, бидејќи за Скопје, Битола, Охрид, Прилеп, Тетово, Штип, Гевгелија, Куманово, Струмица и други населби се споменуваат и повеќе конаци, а во некои

кафеани и гостилници се споменува и конак, што значи имало една/две соби кои најверојатно биле од отворен карактер и се користеле за ноќевање на гостите. Додека пак, во Градско и Демир Капија каде имало стратешки железнички станици, можеби имале и соби за ноќевање. Сепак, оваа ќе треба дополнително да се истражува, и доколку се докаже дека конаците биле од отворен карактер и се користиле за ноќевање на гостите, тогаш и бројот на ноќевалишта или на хотели ќе биде поголем.

**Табела 3**: Година на споменување и име на првите хотели и ноќевалишта гледано по населби, за период од 1843 до 1912 година

| Реден број | Година | Име на хотел | Населба |
|---|---|---|---|
| 1. | 1843 | Хотел – име непознато | Битола |
| 2. | 1878 | „Европа“ | Скопје |
| 3. | 1887 | „Турати“ (Слобода) со депанданси (во 1908 г. ново име „Гранд хотел“) | Скопје |
| 4. | 1890 | „Хотел Де Л Ориент“, ново име „Шарк“ во 1900 г., а од 1915 г. хотел „Босна“ | Битола |
| 5. | 1888 | Хотел (претходно ноќевалиште) – име непознато | Велес |
| 6. | 1893 | „Београд“ | Битола |
| 7. | 1900 | „Парис“ | Скопје |
| 8. | 1901 | „Хотел де Салоник“ | Охрид |
| 9. | 1901 | „Отомане“ | Гевгелија |
| 10. | 1903 | „Негорски Бањи“ – ноќевалиште | Негорци |
| 11. | 1903 | „Македонија“ | Битола |
| 12. | 1907 | „Синтагма“ па ново име „Конституција“ | Битола |
| 13. | 1909 | „Београд“ (подоцна „Москва“) | Велес |
| 14. | 1911 | „Ориент“ | Охрид |
| 15. | 1912 | „Гранд хотел“ (бил во сопственост на црковната општина) | Штип |
| 16-18. | 1912 | „Шопов хотел“ и уште два други – имиња непознати | Дојран |
| 19. | 1912 | „Европа“ | Битола |




**Карта 7**: Географска разместеност на првите хотели гледано по градови во Република Македонија (бројно движење на хотелите од 1843 до 1912 год.)

Можеби во служба на ноќевање во одделни населби служеле и беговските конаците, како што се беговскиот конак во Тетово, Хавзипашиниот конак во село Бардовци (скопско), и други, а ги имало многу низ Македонија. Конечно, претпоставуваме дека за ноќевање се користеле и објекти во Катлановска Бања, село Бањиште (Дебарско) и село Банско (струмичко), но и за оваа наша претпоставка немаме конкретни докази.

Хотели и угостителски објекти – ресторани денеска се градат насекаде каде што ќе се укаже потреба за тоа, меѓутоа посебно внимание се посветува на изградбата на угостителски објекти што се наменети за закрепнување и за одмор на работните луѓе. Овие објекти се градат зависно од природните услови на секоја земја и тоа крај морските и езерските брегови, на планините, на местата каде има воздушни и минерални бањи итн. Целокупното уредување на таквите објекти е приспособено според потребите на луѓето, кои во нив ќе минат определено време, да се одморат, рекреираат, да се послужат со квалитетна храна и слично.



**Слика 46**: Бегови конаци во Тетово



**Слика 47**: Хавзипашини конаци во с. Бардовци (скопско)



**Слика 48**: Влезот во Хавзипашини конаци во с.Бардовци (скопско)

# Преглед по градови

Во Р. Македонија за периодот од 1843 година до крајот на Првата светска војна регистиравме вкупно 18 хотели и 1 ноќевалиште.

## Битола

(6 хотели)

Прв податок за хотел во Битола, а истовремено и за Р. Македонија, среќаваме во патописот на Јозеф Милер од 1843 година, во кој се вели: *„…Меѓу зградите во градот се истакнува управната зграда, конакот, кој се состои од пет згради кои под остар агол навлегуваат една во друга…Има многу приватни анови, кои фигурираат како деловни агенции за трговците на големо…Меѓу приватните куќи што ги има 2.500 – 2.600, се истакнува прекрасно поставениот, едноставно и со многу вкус уредениот* ***хотел*** *на грчкиот вицеконзул и аптекар Лоренцо Пери.*

Ова е прв забележан податок дека во Битола имало хотел. Меѓутоа, сè уште немаме одговор на прашањата: - Кое било името на хотелот (?) – Каде се наоѓал, на Широк сокак или на друго место (?) – Што се случило со него (?) - Дали се викал „Монастир“ (?) и слични прашања.

За тоа дека нешто се случило во ценарот на градот на Широк сокак и имало пожар во кој настрадале згради, дознаваме од записот *„во 1847 година настрадале три згради“*.

За тоа дека се случило нешто со хотелот дознаваме и од записите на патописците кои покасно престојуваат во Битола, и истите наведуваат само анови, но не и хотел. Така, во **Патописот на Едвард Лир од 1848 година е зебележано** *„…Отидовме во најголемиот и најубавиот ан на Битола, „Јени ан“… За среќа добив соба од каде се гледаше оваа жива глетка. ...Една чиста, бело обоена соба со стаклени прозорци и нови душеци го правеа целиот луксуз на оваа метропола*“.

Додека од извештајот на францускиот конзул **Белег Де Буга** во Битола од **1856 година**, се потврдува следното: *„...во Битола има 22 дуќани – анови и еснаф со 40 анџии, ... во градот се уште не постојат европски пренокишта и потребата од нив почнува да се чувствува.“*

За повторно појавување на хотел во Битола дознаваме од Патописот – книгата на **Спиридон Гопчевиќ**: Стара Србија и Македонија, **1890 г.** *„...на крајот дојдовме во главната улица,*

*каде беше австрискиот конзулат. Пред него застанавме, да го запрашаме консулот, каде е најдобриот ан...кавазот одговори дека овде има само една гостилница „Локанда“, која од овде е на неколку куќи подолу...„Локанда“, незнам зошто овој ан го имаше италијанскиот назив, кога истиот изгледаше убаво и во очи ни падна фирмата* ***„Hotel de l`Oreint“****. Исто така одвнатре многу ми се допадна големата кафеана, широките скали, пространиот ходник со балкон и средени светли соби. Но еден недостаток беше тоа што вриеше од тавтабици, а втор што немаше најпрости предмети за хигиена. За среќа веднаш ова го осетивме, дека овде има гадинки и за тоа се спремивме за одбрана со Захарлов прашок. Ногалките од железните кревети стоеа во некои лимени садови наполнети со средство, со кое наивните Битолчани намеравале да ја спречат навалицата на тавтабиците... Захеровиот прашок, би рекол дека во Битола уште беше непознат, јас тоа го заклучив од слугата што другиот ден се најде во чудо, кога ги виде креветите жолти од прашокот, а во нив неколку купчиња мртви тавтабици. Анот е своина на некој Грк или Грко - Влав, затоа што ни анџијата, а ни неговиот слуга не разбираа многу српски и говореа најдобро грчки.“*




**Цртеж 17**: **GETZ** – Реклама од 1870 до 1890-тите година за прашок[4] кој уништува тавтабици – бубачка кои живеат во вашите кревети. Во него се вели “Користи Getz против Bad Bug кој ќе ги истреби тавтабиците од вашиот кревет.

[4] **Објаснување**: Прашакот бил составен од дијатомејска земја која тавтабиците ја јаделе и од тоа умирале. Во Македонија во тоа време се уште немало ваков прашок. Прашокот во Македонија започнал да се употребува дури после првата светска војна. Забележал НВД.

Втор податок за хотелот го дознаваме и од **Патописот на Виктор Берар, од 1891 година**. *„..Но Монастир е град на можности. Францускиот јазик овде многу се зборува. Наспроти нас, се гледа* ***хотелот „Ориент“****, со ресторанот „Ајфелова кула“. Хотелот и ресторанот беа полни. Набргу се развеселивме. Но ние треба да се задоволиме со обичен ан, една голема турска гостилница, со ѕидови од земја и со дрвени ходници...“*



**Слика 49**: Хотел „Отоман“, споменат во 1890 г., слика од 1905 г.




**Слика 50**: Хотел „Отоман“, споменат во 1890 г., слика од 1907 г.

**Патописот на Колмар Голц, од 1893 година** *„...Битола брои 56.000 жители и многу добро може да ја издржи споредбата со некои европски градови...* ***Хотелот-град „Белград“*** *ни ги отвори не многу гостољубиви порти; сепак, на крајот, се покажа поподнослив отколку што мислевме.“*




**Слика 51:** *Хотел „Белград“* споменат во 1893 г.




**Слика 52**: *Хотел „Синтагма“* (1907 г.) ново име *„Конституција“*, (1912 г.), разрушен со бомбардирањето во 1917 година



**Слика 53**: *Хотел „Конституција“*, (1912 г.) старо име хотел *„Синтагма“* (1907 г.), разрушен со бомбардирањето во 1917 г.




**Слика 54:** *Хотел „Европа“* (изграден пред 1912 г.)

Битола, како седиште на Вилает, како голем град според бројот на жители, и неговата стопанска и воено стратегиска положба, бројот на хотели непосредно пред Балканските војни бил шест/седум хотели. За шест хотели располагаме со доказ дека постоеле, и тоа: безимениот **хотел од 1843 година** *(само текст)*, хотел **„Ориент“ или „Шарк“** *(фотографија и текст)*, **„Синтагма или „Конституција“** *(фотографија и текст)*, **хотел „Београд**“ *(фотографија и текст)*, **„Европа“** *(фотографија и текст)* **и „Македонија“** *(фотографија и текст)*. Единствено само за хотел „Ројал“ *(за кој освен споменвуање на името а по 1917 година и кафеана „Ројал“ со други цврсти докази не раполагаме, па според тоа нема да го третираме како хотел, туку само како позната кафеана во Битола).*

Да резимираме: од потврдени факти, бројот на хотели во Битола изнесувал 6, со едно дополнување – доколку се обезбедат докази оваа бројка може и да се зголеми за уште некоја бројка (пример: хотел „Монастир“, хотел „Ројал“, хотел „Интифа“, хотел „Интернационал“...но за тоа во друга прилика).

На Широк сокак („Rue Hamidie или Rue Soultanie, а по 1908 година Avenue de la Liberte“) едно подруго или во непосредна близина се наоѓале четири хотели, и тоа: **„Ориент“ или „Шарк“, „Синтагма или „Конституција“, „Београд**“ и **„Европа“**.

**Хотел „Ориент“** првпат е споменет во 1890 година, но најверојатно е изграден пред десетина години. Гледано од сликата цениме дека располагал од 10 до 20 соби. Овој хотел под ново име хотел „Шарк“ го среќаваме во 1900 година *„...Иван Сренски бојаџија – уметник. Тој работеше во театарот при „Шарк“ – хотел и често имаше работа со валијата за самата изработка на живописот на театарот,...“*. Хотелот „Шарк“, во 1915 година е реновиран со доградба на балкони, а по Првата светска војна, го купува нов сопственик и повторно е преименет во хотел „Босна“. За **хотел „Шарк** интересно е да се потенцира дека во период додека се градел театарот (1897 г. до 1908/9 г.), неговата црвена сала (заради пердињата и килимот), па и бавча служела како театарска сцена. Значи, фигуративно бил именуван и како *„Театарски хотел“*. Додека во период, по Првата светска војна слична улога и формулација добива и хотелот „Босна“ кој од 1918 година се до 1924 година хотелската сала ќе ја замени салата на театарот (која била опожарен во 1912 година и небила во функција се до 1924 година), и долго време ќе носи атрибут „Градски културен центар“).

Неколку куќи јужно од „Шарк“ се наоѓал **хотел „Синтагма“** кој во 1912 година го менува името во **„Конституција**, бидејќи тука прелиминарно беше цртана картата на распарчена Македонија, а со тоа и местото на Битола каде би припаднала.

За постоењето на „хотел „Ројал“, ќе го пренесиме нашето мислење. Можеби, две куќи јужно од „Конституција“ или во негова непосредна близина се наоѓал хотел „Ројал“, кој настрадал со бомбардирањето во 1917 година. По војната дел од зградата е претворена во кафеана со музика, билијард сала и летна бавча. Хотел „Ројал“ некаде е именуван како продолжение на хотелот „Конституција“, меѓутоа тој податок со ништо не го потврдивме. Имено, хотел „Конституција“ под тоа име останува до крај, односно до целосното негово уништување во 1917 година. Тоа значи дека, хотелот „Ројал“, се разбира доколку постоел, најверојатно бил во непосредна близина или две куќи јужно од „Конституција“. Како и да е, нашето мислење не успеавме да го поткрепиме со докази, па според тоа, и нема да го вброиме во бројот на хотели во Битола.

Исто така, на Широк сокак под Камен Мост се наоѓал **хотел „Београд“,** прв податок за него среќаваме во 1893 година. Хотелот бил сместен во една стара градска зграда и најверојатно под тоа име постоел десетина години. Ова го поткрепуваме од констатацијата дека бил врталиште на симпатизерите на српската пропаганда која, од пред кратко време, има влезено во Македонија и во Битола (Србија во 1878 година добива независност, и по некоја година започнува да ја шири својата пропаганда).

Зад хотелот „Ореинт“ (или „Шарк“, односно хотелот „Босна“) се наоѓал **хотел „Европа“**, кој бил и еден вид казино – коцкарница. Најверојатно овој хотел е граден во периодот 1905-1910 година, и можеби носел друго име. Познат е по тоа што за време на Првата светска војна повеќе пати го променил своето име и добил името „Европа“.

Единствен хотел (барем досега) за кој утврдивме дека се наоѓал надвор од Широк сокак, бил хотелот под име **хотел „Македонија“**. Имено, *„во 1903 година, Лениновите емисари се сретнаа, во просториите на хотелот „Македонија“, во близина на Леринскиот Мост на Драгор, на десниот брег на реката, со битолскиот раководител и војвода Александар Ефтимов, инаку бивш учител“*.

Овде ќе го спомeнеме и името на хотел „Монастир“, меѓутоа за него, освен името други поконкретни податоци не

успеавме да обезбедиме, за тоа каде се наоѓал, дали се работи за нов хотел или бил некој од погоре наведените само го променил името како резултат на менување на сопствениците или на странската пропаганда. Како и да е, ќе треба и понатаму да се истражува. Истото се однесува и за имињата на хотелите „Интифа“, “Константинопол“, „Америка“ и „Интернационал“, за кои освен името друго не успеавме да откриеме.

## Скопје
(3 хотели)

Со пуштањето на железничката пруга Солун – Скопје во 1870 година, и Скопје - Митровица во 1873 година, со интересот и навлегувањето на капиталот од Запад, во градот се отвораат нови, модерни хотели. До крајот на 19 век, ановите, речиси сосема исчезнуваат. Дипломатите и инженерите, градителите на пругата, најчесто отседнувале во хотелите „Европа“ и „Турати“ (Слобода) изграден околу 1870/73 година (се наоѓале во близина на железничката станица и зад денешното собрание). Сопственици на двата хотела биле Италијанци. Хотелите се наоѓале на десниот брег на Вардар, во „европскиот дел на градот кој се состои од 300 метри квадратни“, близу до железничката станица и се состои од скромниот **хотел „Турати“** и **хотел „Европа“**. Во двата хотела во нивните кафеани се пиело шампањ, пиво, мастика, се играло дама, карти и билјард. Хотелот Турати имал кафеана со тераса и мала градина. Во тие хотели се одржувале и свечени приеми, свадби, пречеци, настапувале артисти и циркусанти (а покасано се проектирале филмови). Кафеаната „Турати“ била позната како свратилиште на конзулатите, на високото чиновништво, на угледните и богати граѓани. За постоење на трет **хотел „Парис“** дознаваме од фотографија, од која може да се види дека и овој хотел бил модерен за тогашни услови. За тоа каде се наоѓал не располагаме со податок.

Горе наведеното го потврдуваат подолу наведените записи на патниците - патописци.

**Патописот Леон Игоне, од 1878 година** (Leon Hugennet, La Turguie inconnue: Roumanie, Bulgarie, Macedonie, Albanie, Paris 1886) го дава следниот опис *„... Го заобиколивме градот за да го минеме Вардар и да дојдеме во близина на станицата каде се наоѓа **хотелот „ЕВРОПА“**.... Персоналот вработен во железницата е многуброен и го посетува **хотелот „Европа“,***

*каде што наоѓав пријатно и разновидно друштво. Тука слегуваат патниците и од нив бев информиран за се што се случуваше. Но бев изненаден што не најдов ниту еден единствен весник од Цариград…Хотелот во кој живеев беше конак изграден за паша. Во него имаше специјални тремови и голем број прозорци како во сите турски куќи, Ваквиот тип на градба има двојна предност: лете да навлегува воздух, а зиме сонце...Во хотелот имав многу симпатично друштво на инженери и служебеници на Железницата, учени, весели, дури и духовити луѓе, најголем дел Австријци и Германци кои ручаа заедно со шефот на станицата...Ноќите поминуваат во раскажување на смешни анегдоти и истовремено во пеење на француски, италијански, германски или грчки песни... “.*

Така, во **Патописот на Рене Миле од 1887 година** е забележано следното: *„…По овие ексцентрични квартови, со задоволство ќе се најдете во европската чистота на соседниот кварт, до железничката станица. Всушност, европскиот град се состои само од 300 метри квадратни и го сочинувал само скромното место што го зазема **хотелот „Турати“** и неговите депанданси. Чудно е што, за петнаесет години, железницата не успеала да го измени повеќе стариот муслимански град. За ова, да живее Турати и неговата мастика. Секоја чест на овој редок хотелиер кој го држи во своите раце монополот на цивилизацијата и во тоа не претерува. Во неговото тесно засолниште, на терастата од неговата кафеана, се среќаваат секој ден сите интелектуалци од Скопје. Колку да е горда цитаделата и колку да е скромен хотелот „Турати“, пак ќе се каже, со сигурност, дека последниот доминира. Фесот на функционерот се спријателува со сламената шапка на инженерот. Исток и Запад се мерат во играњето на билијард. Секој живее и зборува по своја волја. Тоа е Скопје“.*




**Слика 55:** Хотелот „Турати“ (Слобода), крај на XIX век

**Патописот на Густав Вајганд, од 1889-1890 година. Враќање. Скопје (23-24 мај)** „*…Во Скопје отседнав во хотелот на Италијанецот Дурети, чија жена е Германка, и наидов на одличен прием“.*

**Спиридон Гопчевиќ**: Стара Србија и Македонија, **1890 г.** *„...во 8 часот стигнавме во Скопје, каде свративме во **хотел „Турати“**. Хотел „Турати“ прилично личи на хотел „Коломбо“ (во Солун). Сопственикот е Италијан, жена му, би рекол Германка, барем со своите деца зборуваше нарочито германски. Од хотелот бев многу задоволен, но не од неговиот сопственик...Хотел „Турати“ е само неколку чекори оддалечен од железничката станица. Тој е еднокатен, има добри чисти соби и градина...“*




**Слика 56:** Хотел „Турати пред реновирањето



**Слика 57**: Хотел „Турати“ по реновирањето (помал круг) со свој депанданс, хотел „Европа“ (поголем круг, подоцна добива ново име хотел „Русија“)




**Слика 58**: Хотел „Парис“, Скопје (период 1900-1905)

За постоење на **хотел „Парис“** дознаваме од единствената фотографија на која се гледа дека се работи за модерен хотел за тогашни услови, и тоа со приземје и два ката со еден балкон, со ресторан и уреден двор со сини ламби – газолини. Од бројот на прозорите може да претпоставиме дека располагал со максимум десет соби.

Скопје по градбата на железничката пруга од Солун – Скопје – Митровица, економски и воено – политички зајакнува, а со тоа и потребата од хотели и други ноќевалишта се зголемува. Во Скопје најверојатно, прокрај хотелот „Турати“, „Европа“ и „Парис“ постоеле и хотелите „Слобода“, „Балкан“, но освен името други податоци неуспеавме да најдеме, што незначи дека нема да трагаме и понатаму.



**Слика 59:** Хотел „Европа“ потоа ново име „Русија“, напред се гледа Првата „стара“ железничка станица. На оваа слика дворот и градината се уште не се изградени





**Слика 60 и 61:** Хотел „Европа“ па хотел „Русија“ предна и задна страна (високите стакла се од ресторанот, во дворот се сушат хотелски чаршафи) Хотелот се наоѓал пред Првата „стара“ железничка станица



**Слика 62**: „Гранд Хотел“, 1908 г., претходно хотел „Турати“



**Слика 63-65**: Хотел „Турати“ по реновирањето 1900/5 г., и во 1908 г. со ново име „Гранд хотел“



**Слика 66-71:** Реконструкција на хотелски соби од крајот на XIX и почеток на XX век

## Дојран
(3 хотели)

Кон крајот на XIX век и непосредно пред Балканскит војни во градот Дојран кој во тоа време имал околу 10.000 жители, имало 3 хотели, добро опремени за тоа време.

Најрепрезентативен бил Шоповиот хотел – ресторан (со простор крај Езерото, сопственост на Ристо Шопов, со хотелски соби на катот од куќата, во кои се влегуваше од кај терасата). **Шоповиот хотел – ресторан** беше еден од најмодерните угостителски објекти на дојранскиот брег, опремен со мермерни маси и со убави столови за честите и многубројни гости – видни граѓани на Дојран, како и видни гости од други краишта. Во Шоповиот ресторан редовно се готвеа јадења (појадок, ручек и вечера),

## Велес
(2 хотели)

Меанџијата по име Пандо Баго меѓу првите во Велес во 1888 година отворил преноќиште кое го нарекол хотел. Во овој хотел преноќевал и германскиот патописец Спиридон Гопчевиќ, автор на книгата „Стара Србија и Македонија“, објавена во 1890 година.

Првиот хотел во европски стил го изградил Милан Војанцелиев во 1909 година и го нарекол „Београд“ (подоцна „Москва“). Хотелот имал 14 соби, кујна и сала за ручек.

## Охрид
(2 хотели)

За постоење на хотел во Охрид и условите за престој во него дознаваме од **патописот на Уго Гроте, од есента 1902 година** и во него се вели: *„...Нас не водеа на брегот на езерото, во* ***„Хотел д´ Салоник“****, чија величенственост уште долго време ми остана во сеќавање. Влезот за странски гости минуваше низ шталски простории во кои имаше една педа ѓубре. Наспорти нашите прозорци, висеа крвави кожи наредени во редица, околу кои брмчеа и се вртеа илјадници муви што човек можеше со рака да ги дофати. Задушувачката смрдеа се ширеше насекаде од оваа тесна уличка на бараките за месо. По бурниот протест, добивме една тесна „ода“ од која, пред нас се ширеше глетка кон езерото кое се појавуваше со својот*

*блесок меѓу густите пасишта. Пред да легнеме, забележавме дека една четвртина фунта нафталин се наоѓа насекаде над чаршафите и на другата постелнина – неговата жолта, нежна боја јасно се препознаваше. На оној што барем малку пропатувал во топли земји, во ноќта му се случуваат напади и под заштитениот покрив на неговото ноќевалиште, и тие не се сметаат за зачудувачки настан. Човек е духовно и физички изморен од впечатоците на денот, од моногучасовното седење во седлото, па и во најнепријатното ноќевалиште веднаш потонува во длабок сон и им го препушта своето дело, со ориентална рамнодушност, на сиромашните малечки животинки што исто така сакаат да го протуркаат својот живот, со сочувство на плен. Така лежев безгрижно и лесно, потоа потонав во првиот лесен сон во анот во Охрид. Но јас не сакав да потонам во длабок сон...Мојот пријател се вртеше и клоцаше под покривката и не можеше да се смири. Одеднаш запали свеќа и извика вчудовиден: „Што е оваа работа“. „Стеници и тоа во колкаво количество ! “ се обидов да го утешам и му го кажував мојот принцип дека во такви случаи е најдобро да не се убиваат бидејќи е залудно. Поговорката „што не се знае, не е важно“, овде може да се преиначи во „што не гледаш, на тоа ќе му побегнеш“. Во ходникот, каде спиеја Давид и Керим, исто така, не беше мирно. Ги прашавме што се случува кај нив. Заедничкиот одговор гласеше: „Стениците ја тераат својата работа !“ Кога Давид и Керим поради тоа отидоа долу и ги наместија своите легла на дрвените маси, тогаш сигурно морало да има многу вакви пакосници. Светкањето на ламбата го покажува она што фантазијата не можеше лесно да ти го претстави...По оваа сцена, и јас не можев да заспијам повторно. Но исто така беше незамисливо да се спие во градина, изложена на ноќната свежина на езерото. Со по една чизма в рака, вооружени за одбрана, седевме исправени во креветот бранејќи ја нашата скапоцена крв...“*

Втор хотел во Охрид бил изграден во 1911 година и се викал **„Ориент“**.

Резимирано почетоците на хотелиерството во Охрид се пред повеќе од еден век и тоа со два хотела кои како и повеќето хотели во Македонија се соочувале со проблемот со стеници или тавтабици.




**Цртеж 18: RIPA** – рекламен постер од 1900 година, за користење на прашок кој уништува тавтабици – бубачки во вашите кревети
**Објаснување**: Овој прашок за жал се уште не бил користен во Македонија

## Штип
(1 хотел)

Во втората половина на XIX век, до 1912 година во Штип имало вкупно 47 анови и еден хотел. Како прв хотел изграден во Штип е „Гранд хотел" (во сопственост на црковната општина), а потоа следи хотел „Солун" во сопственост на Ване Филипов Паунчето и хотел „Балкан" на Ѓошо Постоло. За овие хотели не е утврдено кога се појавуваат, но најверојатно нивното постоење е во периодот 1913 - 1918 година, односно за време на воените дејствија. Ова наше размислување не е потврдено со докази.

## Гевгелија
(1 хотел)

Гевгелија почнувајќи од 1886 година станува административно – управен центар и добива вистински градски лик со управни згради, конак, воена касарна, калдрмисана главна улица, повеќе двокатни куќи, угостиелски објекти, пазариште и станала седиште на посебна каза – Гевгелиска.



**Слика 72:** Хотел „Отоман“ – Гевгелија

Во овој период, според историските пишани и непишани податоци за овој град, населението во оваа населба достигнало до близу 6.000 луѓе. Во тоа време во Гевгелија имало еден хотел „Отомане“ (основан 1901 а работел до 1912 г.) и располагал со 8 соби, па еден конак „Владовиот конак“ (1906 г. зградата на денешниот музеј), и едно „Ноќевалиште Негорски Бањи“ (1903 г.). Во Гевгелија се споменуваат и две кафеани во чии состав можеби постоел и конак, но немаме доказ дека во нив ноќевале и гостите.



**Слика 73**: „Владовиот канак“

## Негорски Бањи
(1 ноќевалиште)

Во 1903 година во Негорски Бањи е изградено и првото ноќевалиште и тоа за потребите на Бањата. Сопственик на ноќевалиштето „Негорски Бањи“ бил заповедникот на турскиот гарнизон во Гевгелија, Шукри паша, кој изградил на појакиот извор бања, односно зграда со два базена и соби за одморање. Базените и денеска постојат и тоа едниот е поголем и има тркалезна форма со пречник од 2,60 метри и длабочина од 1,20 метри, а вториот е помал и има форма на коцка. Првиот во почетокот служел за капење на жените на Шукри паша, а во вториот се капел самиот Шукри паша. Над базените на спрат се наоѓале соби, а постоела и една пространа тераса наменета за теферич (уживање) на пашата.

# ТРЕТ ДЕЛ

# БАЛКАНСКИ ВОЈНИ И ПРВА СВЕТСКА ВОЈНА

*(1912 – 1913 ; 1914 - 1918)*

## Последици врз угостителските и сместувачките капацитети

Добро е познато дека за време на двете Балкански војни (1912-1913) и Првата светска војна (1914-1918) етничката територија на Македонија е поделена со што нејзини делови влегуваат во тогашните кралства: Албанија, Бугарија, Грција и Србија. Непосредно пред почетокот, а и за време на Балканските војни, голем број Турци ги продаваат своите анови, меани на христијани и Евреи. Па така, објектите се преименуваат или се пренаменети. Додека за време на Првата светска војна, која била значително поуништувачка, бележиме рушење на повеќе сместувачки и угостиелски објекти, но и нивно преименување во зависност од окупационата војска – српска, бугарска, грчка.

Војната била катастрофална за стопанството во Македонија. Меѓу другото, настрадале голем број анови, ноќевалишта, хотели, меани, кафеани, гостилници и ресторани, и тоа дел од нив биле разрушени, дел пренаменети, дел продадени, а само мал дел останале и понатаму да функционираат но сониви имиња и сопственици.

За време на Балканските војни и Првата светска војна дел од градовите во Македонија значително настрадале во војните. Особено големи разурнувања претрпиле Битола и Дојран. Во бомбардирањето настрадале голем број сместувачките и угостителските капацитети. Така, во Битола, како резултат на бомбардирањето во 1917 година настрадал хотелот „Конституција“. Тогаш во Битола настрадале и повеќе анови, меани, кафеани и ресторани.

Во Дојран, заради близината на воените дејстија, целиот град бил напуштен, раселен а објектите разрушени, тоа, значи дека целото стопанство во Дојран е уништено, а со тоа и угостителството (кафеани, ресторани, анови и хотели).

Другите градови во Македонија исто така претрпиле уништувања на објектите кои биле значително помали.

За тоа дека воените години биле тешки и непредвидливи говорат примери на промена на имиња и сопственици на угостителски и сместувачки капацитети. Имено, регистрираме интересен пример – приказна за хотелот „Европа“ во Битола кои за време на Балканските војни и Првата светска војна неколку пати го променува своето име: Кога Србите ја освоиле Битола од Турците сопственикот соодветно сакаше да го одбележи настанот и да привлече корист со промена на неговото оригинално име и го прекрсти во „Hotel de La Nouvelle Serbie“. Три години подоцна, во истиот месец, Бугарите го презедоја градот од Србите и хотелот за брзо стана „Hotel de La Nouvelle Bulgarie“. Па повторно, по една година подоцна, Србија ја вратија назад Битола, и името на хотелот мораше да го тргне за се избегнат одредени проблеми. Па сопственикот одлучи во иднина хотелот да се вика „Хотел Europeen“, и постави нова табла на зидот од хотелот. (Види слика 74)



**Слика 74**: Хотел „Европа“ 1916 година

Слично се случува и со хотел „Ориент“ односно „Шарк“, имено, хотелот „Шарк“, во 1915 година е реновиран со доградба на балкони, а по Првата светска војна, го купува нов сопственик и повторно е преименет во **хотел „Босна“**
(Види слика 75).




**Слика 75**: Хотел „Шарк“, со балкони, 1914/15 г.



**Слика 76**: Улица „Широк сокак“ со хотел „Босна“ во 1915 г.







**Слика 77**: Хотел „Босна“ со балкони, за време на Прва светска војна, во 1916 и во 1917 г

Во периодот на Првата светска војна како последица од бомбардирањето на градот, настрадал и хотелот „Конституција“. (Види Слика 78)



**Слика 78**: Опожарен хотелот **„Конституција“** во 1917 година

За постоењето на „хотел „Ројал“, веќе погоре го изнесовме нашето мислење, дека постоел како посебен хотел или дека е именуван како продолжение на хотел „Конституција“. Додека по бомбардирањето во 1917 година бил разрушен, а по војната дел од зградата е претворена во кафеана со музика, билијард сала и летна бавча. Досега, единствено располагаме со податок за негово *споменување на името а по 1917 година и кафеана „Ројал“* со други докази не раполагаме, па според тоа нема да го третираме како хотел, туку само како позната кафеана во Битола. Како и да е оваа дилема ќе мора да ја одгатнеме со дополнително истражување.

Сумирано во Битола најверојатно се уште работеле хотелите **„Босна“, „Европа“, „Београд“, „Македонија“.** Дел од нив, можеби биле со нови имиња.

Единствена туристичка активност, ако така може да се земе, било патувањето на група битолчани во Србија. Ова патување, некои автори го именуваат како прво туристичко патување и за почеток на туризмот во Македонија. Имено, на 21.мај 1914 година било организирано патување на 120 битолчани до Валево и до Белград. Патниците биле испратени од железничката станица од голем број граѓани на Битола. Целта на патувањето, за дел од учесниците била посета на своите синови кои биле регрутирани од српската војска, додека за дел од учесниците, патувањето било од туристичка природа. Бидејќи во тоа време немало железничка врска од Битола до Скопје, патниците најпрвин заминувале за Солун, а оттаму заминале во Белград, каде останале три дена, по што отпатувале за Валево. Во Валево, патниците се сместиле во приватни куќи и во градот останале два дена. Патувањето го организирал првиот градоначалник на Битола со христијанска вероисповед, Петар Лешњаревиќ и целта му било, преку патувањето на битолчани да им ја претстави Србија.

Во Штип, покрај **„Гранд хотел“** (во сопственост на црковната општина), најверојатно во периодот 1913-1918 година работеле уште два хотела. Хотел **„Солун“** во сопственост на Ване Филипов - Паунчето и хотел **„Балкан“** на Ѓошо Постолов. За овие хотели не е утврдено кога се појавуваат, но најверојатно нивното постоење е во периодот 1913 - 1918 година, односно за време на воените дејствија. Ова наше размислување не е потврдено со докази.

Од еден Алманах од 1917 г. во делот за Скопје се споменуваат следниве хотели: **„Балкан“, „Бристол“ и „Парис**“,

што покажува дека и во воените години се граделе и работеле хотелите. Не сме сигурни дали се работи за истите претходно наведени хотели („Турати“, „Европа“ и „Парис“), но сега со нови променети имиња. Најверојатно, хотел „Парис“ е истиот кој под тоа име работел и во воениот период.

Хотелите во Дојран, како и целиот град, настрадале во бомбардирањето во Првата светска војна, кое резултирало и со целосно раселување на населбата. Не сме сигурни што се случило со хотелите во другите градови, во Охрид – хотел „Салоник“ и хотел „Ориент“, во Гевгелија хотел „Отоман“, и преноќиштето во Негорска Бања. Најверојатно објектите постоеле, но биле со нови сопственици и нови имиња, за ова се уште не располагаме со докази.

Сумирано, од појавата на првиот хотел во 1843 година до 1918 година регистрираме 22 хотели и 1 ноќевалиште, или вкупно 23 сместувачки капацитети, гледано по градови, бројот бил: Битола 6, Скопје 5, Дојран 3, Штип 3, Охрид 2, Велес 2 и Гевгелија 1 хотел, како и 1 ноќевалиште во Негорски Бањи.

Сепак, потенцираме, истражувањето продолжува и можни се промени на овие бројки кои не се конечни.




**Карта 8:** Географска разместеност на првите хотели во Република Македонија (од 1843 година до 1918 година)

## Литература и други извори


1. **Александар Матковски** (1991): Македонија во делата на странските патописци 1371-1777, Мисла, Скопје, 878
2. **Александар Матковски** (1991): Македонија во делата на странските патописци 1778-1826, Мисла, Скопје, 830
3. **Александар Матковски** (1992): Македонија во делата на странските патописци 1827-1849, Мисла, Скопје, 746
4. **Александар Матковски** (1992): Македонија во делата на странските патописци 1850 – 1864, Мисла, Скопје, (стр. 711)
5. **Александар Матковски** (2000): Македонија во делата на странските патописци 1864 – 1874, Ѓурѓа, Скопје, (стр. 348)
6. **Александар Матковски** (2001): Македонија во делата на странските патописци 1875 – 1878, Ѓурѓа, Скопје, (стр. 367)
7. **Александар Матковски** (2002): Македонија во делата на странските патописци 1879 – 1888, Ѓурѓа, Скопје, (стр. 348)
8. **Александар Матковски** (2005): Македонија во делата на странските патописци 1889 – 1898, Ѓурѓа, Скопје, (стр. 268) (стр.150)
9. **Александар Матковски** (2006): Македонија во делата на странските патописци 1894 – 1902, Ѓурѓа, Скопје, (стр. 314)
10. **Александар Матовски, П. Ангелова**. (1974): Путовање на двајца англичани низ Македонија во 1839, 1842 и 1844 година. Гласник ИНИ 1 Скопје.
11. **Александар Стерјовски**, (2004): Каријатиди на Театарот, Битола, стр. 69-78
12. **Александар Стерјовски** (2009): Реката ДРАГОР, Битола, стр.420, 447
13. **Александар Стојановски** (1981): Градовите на Македонија од крајот на XIV до XVII век, - демографски проучувања - , ИНИ, Скопје (стр. 174)
14. **Александар Стојмилов**, Негорска Бања, Географски разгледи, книга 15-16, Скопје, 1978 г., стр.67-88
15. **Aleksandar Stojmilov, Ljube Milenkovski**: (1976): Soobrakajna i turisticka geografija na Jugoslavija, Prosvetno delo, Skopje
16. **Александар Стојановски** (1989) Македонија во турското средновековие, Скопје, стр. 485
17. **Алла Качева, Славица Христова, Татјана Ѓорѓиовска**: Градот Скопје и формирањето граѓанска класа во периодот меѓу двете светски војни (1918-1941 год.) – од етнолошки аспект – Музеј на град Скопје, 2016 година.
18. **Алманах** Царство Блгарија, Софија - Лајпциг, 1917 г. стр. 305
19. **Алманах** краљевине Југославије, IV издање свезак 1929 – 1931, друго издање, Загреб, 1932 г. стр. 626
20. **Борис Ќоропановски** (1986): „Битола низ вековте, Битола
21. **Бранко Панов** (1985): Средновековна Македонија, том 1-3, Скопје
22. **Ванчо Михајловски**: (2010): Куманово низ векови, Куманово

23. **Весник „Јужна Звезда“**, Документација на Историски архив; „Првата група битолски туристи во 1914 година патувале до Валевo преку Солун”, ***Дневник***, година XVIII, број 5379, петок, 31 јануари 2014, 18
24. **Воислав С. Радовановиќ** (1913): „Тиквеш и Раец“,Београд
25. **Гиго Милески**, (1973): Дојранско Езеро, Географски видик, кн 4, Скопје
26. **Гоце Ангелчин Жура** (2016): Патописците пишуваат за Охрид, Охрид, 61
27. **Група автори** (1969): Историја на македонскиот народ, Книга 1-3, Скопје
28. **Група автори** (1988): Историја на македонскиот народ, Скопје, 375
29. **Група автори** (2000-2003): Историја на македонскиот народ, Том 1,3,4,5, Скопје, 720, 544, 586, 576
30. **Група автори** (2008): Историја на македонскиот народ, Скопје, 348
31. **Група автори** (2003): Кочани и Кочанско од предисторијата до денес, Општина Кочани, Кочани, 314
32. **Група автори** (1985): Охрид и Охридско низ историјата, Скопје, 488
33. **Данило Коцевски** (2000), Го сакам Скопје, Дирекција за култура и уметност – Скопје, Скопје, 285
34. **Диме Бојановски – Дизе** (1974): Прилог за изучување на општествено – економските односи во Македонија XV – XVI век, Македонска книга, Скопје, 401
35. **Димче Најдов** (2014): Битола низ стари разгледници, Битола, 243
36. **Димитар Димитровски – Такец**, (2013): Перформансите на Широк Сокак, Битола, 232-244, 722
37. **Димитар Каранфиловски**, (1972): Развој на туризмот во СР Македонија со посебен осврт на развојот во Охрид, Географски разгледи, книга 10, Скопје, 95-106
38. **Димитар Каранфиловски**, (1967): Досегашниот развој на туризмот во СР Македонија и неговите перспективи, Географски разгледи, Книга 4, Скопје, 78-90
39. **Драги Георгиев**. (1991): Градот Струмица според салнамето за Солунскиот Вилает од 1894/95 година. Институт за национална историја, Струмица
40. **Државен архив на Македонија**, Скопје и одделенија во Битола, Велес, Штип, Струмица, Охрид, Куманово, Тетово и Прилеп
41. **Душан Хр. Константинов**, (1983): Битола во 1903, Битола, 212, 324
42. **Ѓорѓи Иванов** (2008): Свети Николе меѓу двете светски војни, Свети Николе
43. **Evlija Čelebi**, (1973): Putopis. Sarajevo, 286
44. **Зорка Тодорова Младеновиќ**. Вистински приказни за вечно секавање 1900-1945 година.
45. **Ivan Blazevic i Zlatko Pepeonik**, (1981): "Turisticka geografija" vo izdanie na Skolska knjiga Zagreb, 213
46. **Извештај за Битолскиот пашалак на францускиот вицеконзул во Битола Белег Де Буга од 1856 година**, ДАРМ, Скопје Редакција и превод Сузана Стамболиска, 274

47. **Илија Башески**, (1976): Осврт на триесетгодишниот развој на туризмот, Зборник на трудови од републичкиот симпозиум – туризам и заштита на животната средина – Географско друштво на СР Македонија, Скопје,123-133
48. **Илија Петрушевски** (1984): Ановите и карвансараите во Македонија, Историја, год.XX, бр. 2, Скопје, 419-429
49. **Јефто Дедиер** (1913): Нова Србија, Београд
50. **Јован Ф. Трифуноски**, Битољско – прилепска котлина, антропогеографска проучавања, Београд, 1998, 240, 406
51. **Јован Хаџи Васиљевиќ**, (1930): Скопље и некога околина, Историска, етнографска и културно политичка излагања, Београд, 27/28/29
52. **Јован Хаџи Васиљевиќ**, (1909, 1913) Јужна Стара Србија, историјска, етнографска и политичка истраживања, I - II, Београд,
53. **Ј.Х.Хан**, (1973): Путовање кроз Поречину Дрина (Дрима) и Вардара. Београд, 438
54. **Јован Цвијиќ**, (1911): Основе за географију и геологију Македоније и Старе Србије. Књ. III. Београд, 311-312, 1269
55. **Киро Гелевски** (1980): Населба Градско 1980 година
56. **Костадин Кајдамов**. (1999): Дојран низ векови. Матица македонска Скопје
57. **Костадин Кајдамов** (2002): Валандовски времеплов, Валандово,
58. **Љубиша Монев**. (1991): Скопје во Записите на француските патописи (1800-1912), Скопје, 195
59. **М. Филиповиќ**. (1935): Териториjален развиток на Велес. Гласник на географското друштво св.XXI, Белград.
60. **Милош Хр. Константинов,** (1961): Занаети и есн афи во Битола и околината, Битола, 162
61. **Монев Љубиша**, (1991): Скопје во записите на француските патници, извадок од патописот на Иг Пуквил, од 1826 година,Скопје, 53
62. **Нако Ташков, Трајан Вељанов** (2017): Технологија на послужување, Штип, 197
63. **Никола В. Димитров**, (1998): Битола – урбано географски развој, Битола, 318
64. **Никола В. Димитров, Трајко Огненовски** (2009): Битолски регион, население и населби, Битола, 303
65. **Никола М. Панов**. (1998): Туристичка енциклопедија на Република Македонија, Скопје
66. **Оливер Цацков**, (2014): Штип од 1900 до 1912 г., Штип, 70
67. **Петър Завоев** (1916): Писма от Македония 1908-1916 (пътни бележки, наблюдения и впечатления), София
68. **Петар Камчев, Васил Кимов**, (2009): Занаетчиството во Кавадарци, Кавадарци
69. **Петар С. Јовановиќ**, (1935): Пoрече, насење и порекло становништва, Српски етнографски зборник LI, книга 28, Београд
70. **Спиридон Гопчевиќ**: (1890): Стара Србија и Македонија, Београд, 118
71. **Томо Томоски** (1999): Македонија низ вековите, Скопје, 567

72. **Топографски карти**: Австроунгарски карти 1:200.000. Prizren, Skoplje, E.Palanka, Džumaja, Elbasan, Monastir, Voden, Saloniki, Kavala I Larisa, од 1900.; Топографска карта 39-40, Битола од 1890 г.; Топографдска карта 39-41; Карта Битола – Прилеп, Турски период, 1900 г.
73. **Трајан Вељјанов** (1990): Угостителско послужување 1, угостителско-туристичка струка, Просветно дело, Скопје.
74. **Трајан Вељанов** (1990): Угостителско послужување 2, угостителско-туристичка струка, Просветно дело, Скопје.

**Интернет страни**:

1. http://www.staroskopje.vestel.com.mk/
2. http://www.oldprilep.com/
3. http://www.albanianhistory.net/1912_Graves/index.html
4. http://www.skyscrapercity.com/archive/index.php/f-3671.html
5. http://prespainfo.com/po-tragite-na-skirtijana/
6. http://www.english-heritage.org.uk/learn/story-of-england/romans/country-estates/
7. http://www.english-heritage.org.uk/learn/story-of-england/romans/country-estates/
8. http://www.english-heritage.org.uk/visit/places/lullingstone-roman-villa/history/
9. http://redboxniagara.wikidot.com/barrowcrest
10. http://www.albanianhistory.net/1912_Graves/index.html
11. (https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_oldest_companies)
12. https://ovcepole33.wordpress.com/2014/03/12/anovite-vo-ovce-pole-krstosnica-sveti-nikola/
13. https://www.delcampe.net/en_GB/collectables/postcards/macedonia/search
14. https://en.wikipedia.org/wiki/List_of_oldest_companies



**Проф. д-р Никола В. Димитров**, Роден е 1958 година во Битола. Основно, средно и више образование завршува во Битола, а високо образование во 1984 г. во Скопје. Постдипломски студии заврши во 1992 година на Универзитетот во Скопје, Докторира на Институтот за географија на ПМФ при Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје во 2001 година.

Од 1987 до 1994 година беше наставник – професор по географија и историја во Цапари, Буково и Битола. Од 1994 до 2002 година беше на работно место професор по географија во гимназијата „Јосип Броз Тито“ во Битола. Од 2002 година до 2008 година е назначен за советник за географија во Бирото за развој на образованието при Министерство за образование и наука на Р. Македонија. Од 2008 година па наваму е избран за професор и продекан на Факултет за туризам и бизнис логистика - Гевгелија при Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип, а од 2015 година е декан на истиот факултет.

Покрај наставно – образовната дејност, активен е и во научно - истражувачката работа објавил над стотина научни и стручни трудови, десет книги и три учебника од областа на географијата, демографија и туризам. Паралелно со географијата негова потесна специјалност се: демографијата, демогеографијата, методика во наставата за географија, просторно планирање, туризам, регионален и рурален развој.

Има учествувано во повеќе проекти. Членува во: Македонското научно друштво Битола од 1992 година, во кое извршувал повеќе функции, од 1984 година членува во Македонското географско друштво – Скопје. Основач и прв претседател е на Регионалното географско друштво „Геосфера“ – Битола, а членува и во други друштва и здруженија.

Бил организатор и активен учесник на дваесеттина научни симпозиуми, собири, конгреси и трибини. За својата досегашна работа е добитник на повеќе признанија, дипломи, плакети, сертификати и благодарници, а во 1999 година е добитник на групна награда „4 Ноември“ во Битола.

---



**Проф. Трајан Вељанов**. Роден е 1952 година во село Гарван, Радовишко. Основно образование завршува во Неготино каде што и живее. Во 1973 година завршува средно угостителско училиште во Охрид. Работи како послужувач во хотел „Парк“ во Неготино. Во 1978 ги завршува студиите во Опатија, Република Хрватска и од 1978 година се вработува како професор по послужување во угостителското училиште во Велес каде што работи се до 1982 година. Од 1983 до 2007 година станува раководител за службата за општествена исхрана во фабриката за кабли – „Неготино“. Денес е вработен во Центарот за стручно образование при народниот универзитет „Благој Страчков“ во Велес како наставник по угостителско – стручните предмети (послужување, фламбирање, барменство и гастрономија). Учесник е на многу натпревари како од регионални, републички, балкански па се до меѓународни. Во Македонската јавност е познат како бармен и фламбер. Во досегашната професионална кариера учествувал на повеќе натпревари од областа на барменство, фламбирање и гастрономија во Охрид, Гевгелија, Београд, Сараево, Варна, Благоевград и други места. Освоил повеќе први, втори и трети места. Во дисциплината фламбирање бил осумкратен шампион на Р. Македонија, и вицешампион во поранешна СФР Југославија.

Во 1997 година за неговата плодна работа во областа на угостителството добива осмоноемвриска награда на град Неготино.

Учествува и во меѓународен проект од областа на гастрономија, послужување, барменство и фламбирање, во организација на УСАИД. За успешна реализација на овој проект од Американската амбасада добива највисока награда „Златко Сонце“.

Добитник е на повеќе плакети, дипломи, признанија и благодарници.

Покрај наставната дејност, бил активен и во учебникарството и во истражување на угостителството и туризмот. Автор е на три учебника за средните угостителски училишта и коавтор на еден универзитетски учебник.